*Број 09-75/3*
*14.07.2022 год.*
*Скопје*

# УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН
## Број 3/2022

14 јули, 2022 година
Скопје

# СОДРЖИНА

---

РЕФЕРАТИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

## А) ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ:

1. Еден наставник во научно истражувачко подрачје: општествени науки, научно истражувачко поле: 506 организациони науки и управување (менаџмент), област: 50623 Претприемништво, 50624 друго........................................................................................ 2
2. Еден наставник во научно истражувачко подрачје: општествени науки, научно истражувачко поле: 503 Економски науки, област: 50323 Маркетинг, 50329 друго (претприемништво)........................................................................ 70

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**ЗА ИЗБОР НА**

**Проф. д-р НАТАША РИСТОВСКА**

**ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР**

**ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКО ПОЛЕ ЕКОНОМСКИ НАУКИ, ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА (50302), ЕКОНОМИКА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА (50323) И ДРУГО (50329) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ**

**д-р Слободан Ивановиќ, редовен професор во трајно звање**, претседател
Факултет за менаџмент во туризмот и угоститетлството во Опатија,
Универзитет во Ријека, Република Хрватска,

**д-р Кирил Постолов, редовен професор**, член
Економски факултет во Скопје,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Република С. Македонија,

**д-р Сашо Кожухаров, редовен професор**, член
Економски факултет, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Република С. Македонија.

| | |
|---|---|
| | **До Наставно-научниот совет на Факултетот за претприемачки бизнис** на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје Република С. Македонија |

**Предмет:** Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на **д-р Наташа Ристовска**, вонреден професор, во наставно-научно звање редовен професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област 50302 Применета економија, 50323 Економика на претпријатија и 50329 Друго

Во согласност со член 172 и 173 од Законот за Високото образование („Службен весник на РМ" бр. 82/2018) и објавениот Конкурс на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје во дневниот весник "Нова Македонија" од 21-22 мај 2022 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за претприемачки бизнис на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, на седницата одржана на 22.06.2022 година, донесе одлука бр. 18-6/3 за започнување постапка за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање редовен професор, за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област Применета економија (50302), Економика на претпријатија (50323) и Друго (50329), на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

На истата седница, **именувана е и Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор** на еден наставник во наставно-научно звање редовен професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област Применета економија (50302), Економика на претпријатија (50323) и Друго (50329), на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, и тоа во состав:

1. **д-р Слободан Ивановиќ**, редовен професор во трајно звање, претседател на Комисијата, Факултет за менаџмент во туризмот и угоститетлството во Опатија, Универзитет во Ријека, Република Хрватска,
2. **д-р Кирил Постолов**, редовен професор, член, Економски факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"во Скопје, Република С. Македонија,
3. **д-р Сашо Кожухаров**, редовен професор, член, Економски факултет, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Република С. Македонија.

Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање редовен професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област Применета економија (50302), Економика на претпријатија (50323) и Друго (50329), на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, го прифативме именувањето.

Рецензентската комисија утврди:

- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија" на 21-22 мај 2022 година и на веб страницата на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (www.utms.edu.mk);

- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: д-р Наташа Ристовска, вонреден професор, вработена на Факултетот за претприемачки бизнис во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје; и
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.

Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот,

Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до Наставно-научниот совет на Факултетот за претприемачки бизнис на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, следниот заеднички

# И З В Е Ш Т А Ј

За кандидатот д-р Наташа Ристовска, вонреден професор, на Факултетот за претприемачки бизнис во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Извештајот опфаќа:

1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:

1. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот,
2. Список на научните и стручните трудови според категории,
3. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање – редовен професор, пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 82/2018), како и
4. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во редовен професор,
5. Потврда за учество во научно-истражувачки проекти,
6. Извештај од самоевалуација на Универзитетот,
7. Извештај од Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање вонреден професор во научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област Применета економија (50302), Економика на претпријатија (50323) и Друго (50329).
8. Одлука од Сенатот за избор во наставно-научно звање вонреден професор.

## 1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ — д-р Наташа Ристовска

Кандидатот, проф. д-р Наташа Ристовска е родена на 18 Октомври 1981 година во Скопје. Основно образование завршила во ОУ „Коле Неделковски“ во Скопје. Во 2000 година го завршила средното образование во гимназија ДУСО „Орце Николов“ во Скопје. Одбранила дипломски труд под наслов „Формирање на девизниот курс и ризикот од флуктуација на девизниот курс“, по предметот Меѓународни финансии кај проф. д-р Михаил Петковски. Дипломирала во ноември 2004 година на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје, на департманот финансиски менаџмент со просечна оцена на студиите 9.03 и се стекнала со степенот и стручен назив Дипломиран економист.

Постдипломските студии ги завршила во 2006 година на Франкофонскиот институт за администрација и менаџмент (IFAG) во Софија и Институтот за бизнис администрација (IAE) во Нант, диплома Master од државниот Универзитет во Нант, Франција (нострифицирана од Министерство за образование и наука на Република Македонија на 22.11.2006 година) со просечна оцена 9 и се стекнала со академски степен Магистер по бизнис администрација – МБА менаџмент.

Докторирала на 10.04.2012 година на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје, со одбрана на докторската дисертација на тема: „Планирање во глобалните претпријатија“ пред комисија во состав: акад. проф. д-р Таки Фити, проф. д-р Димитар Бојаџиоски, проф. д-р Љубомир Дракулевски и доц. д-р Стојан Дебарлиев, а под менторство на проф. д-р Бобек Шуклев, со што се стекнала со звањето доктор на економски науки (PhD).

Учествувала на повеќе научни собири, конференции, семинари и советувања од областа на економијата и менаџментот во земјата и странство. Одлично ги владее и активно ги користи англискиот и францускиот јазик, со овластување за судски преведувач од ноември 2006 година издадено од Министерство за правда на РМ. Поседува солидни компјутерски вештини, вклучувајќи напредно познавање и работа со Windows, Microsoft Office пакетот: Word, Excel, Access, PowerPoint, и Интернет.

Од февруари 2006 до април 2013 година, кандидатот, проф. д-р Наташа Ристовска била вработена на Европскиот универзитет Република Македонија. Во 2006 година е избрана во соработничко звање помлад асистент, а во 2008 година во соработничко звање асистент од областа на менаџмент на Факултетот за економски науки, со реизбор во 2011 година, при што изведувала настава по предметите меѓународен менаџмент и меѓународна трговија. На 4 јули 2012 година е избрана за наставник во наставно-научно звање доцент по група предмети од наставно-научната област менаџмент на Факултетот за економски науки на ЕУРМ. Изведувала настава по предметите: меѓународен менаџмент, теорија на одлучување, менаџмент на информациони систем, фискален систем и фискална политика на ЕУ, светски пазар и економски интеграции, стратегии на меѓународни економски односи и монетарна економија.

Во мај 2013 година е избрана во наставно-научно звање доцент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, а од јуни 2013 година е вработена на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Во септември 2013 година е именувана за в.д декан на Факултетот за претприемачки бизнис во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. На 04.09.2015 година е именувана за декан на Факултетот за претприемачки бизнис во рамките на Универзитетот за туризам и менаџмент во

Скопје, а на 04.09.2019 година е повторно именувана (втор мандат) за декан на Факултетот за претприемачки бизнис. Во октомври 2017 година е избрана во наставно-научно звање вонреден професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Од ноември 2017 година поседува лиценца (бр. 08-3416/2 од 03.11.2017) за овластено вешто лице од областа на материјално, сметководствено и финансиско работење, издадена од Министерството за правда на Република С. Македонија.

Досегашната научна и истражувачка активност на кандидатот ни укажува на научен интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистерскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирала својата истражувачка ориентација кон проучување на полето на економските науки и на полето на организациските науки и управувањето.

# 2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Овој дел на Извештајот содржи:

2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања,

2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот, и

2.3. Оценка на севкупната научна дејност на кандидатот.

## 2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања

Наташа Ристовска на 25.07.2006 година  е избрана во соработничко звање помлад асистент на Факултетот за комуникологија во состав на Европскиот универзитет - Република Македонија (со одлука бр. 03-015 од 05.09.2006).

М-р Наташа Ристовска на 30.04.2008 година е избрана во соработничко звање асистент во наставна-научна област Менаџмент на Факултетот за економски науки во состав на Прводот Приватен Европски Универзитет - Република Македонија (со одлука бр. 0306/629 од 10.07.2008).

М-р Наташа Ристовска на 07.09.2011 година е реизбрана во соработничко звање асистент во наставна-научна област Менаџмент на Факултетот за економски науки на Европски универзитет - Република Македонија (со одлука бр. 0310/887-1 од 20.09.2011).

Д-р Наташа Ристовска на 4 јули 2012 година врз основа на Рецензентскиот извештај од 18.06.2012 е избрана за наставник по група предмети од наставно-научната област менаџмент во наставно-научно звање доцент, на Факултетот за економски науки на Европски Универзитет – Република Македонија (со одлука бр. 02-1096/1 од 10.07.2012).

Д-р Наташа Ристовска на 13 мај 2013 година врз основа на Рецензентскиот извештај од 28.03.2013 е избрана за наставник за група предмети од областа на економските дисциплини (50302 Применета економија, 50323 Економика на претпријатија и 50329 Друго) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, во наставно-научно звање доцент (со одлука бр.02-77/1 од 13.05.2013).

Д-р Наташа Ристовска на 4 октомври 2017 година врз основа на Рецензентскиот извештај од 01.09.2017 е избрана за наставник за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област 50302 Применета економија, 50323 Економика на претпријатија и 50329 Друго на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, во наставно-научно звање вонреден професор (со одлука бр.02-234/1 од 04.10.2017).

## 2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Д-р Наташа Ристовска во нејзината научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање доцент напишала докторска дисертација и објавила 4 научни трудови во меѓународни научни публикации, и 5 трудови во зборници од меѓународни и домашни научни конференции и едно поглавје во книга.

После изборот во наставно-научно звање доцент објавила 7 научни трудови во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, 7 трудови во зборници од меѓународни научни конференции и учествувала во 3 научни проекти.

После изборот во наставно-научно звање вонреден професор објавила 9 научни трудови во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци, 3 трудови во зборници од меѓународни научни конференции, 1 рецензиран учебник и учествувала во 4 меѓународни научно-истражувачки проекти.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови, и тоа:

2.2.1. Докторска дисетација
2.2.2. Објавени научни трудови
2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот
2.2.4. Учество во научни проекти

### 2.2.1. Докторска дисертација

Докторската дисертација на тема: „Планирање во глобалните претпријатија“, кандидатот ја одбранил на 10.04.2012 година на Економскиот факултет во Скопје, Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје, пред комисија во состав: проф. д-р

Љубомир Дракулевски, претседател (Економски факултет во Скопје), акад. проф. д-р Таки Фити, член (Економски факултет во Скопје), проф. д-р Димитар Бојаџиоски, член (Економски факултет во Скопје), проф. д-р Бобек Шуклев, ментор и член (Економски факултет во Скопје), и доц. д-р Стојан Дебарлиев, член (Економски факултет во Скопје).

Со одбрана на докторската дисертација кандидатот се стекнала со академски степен доктор на економски науки (PhD).

Докторската дисертација на кандидатот д-р Наташа Ристовска претставува пионерско посеопфатно, теориско и емпириско истражување, од областа на планирањето во глобалните претпријатија и различните аспекти на глобалното деловно планирање, со посебен осврт на улогата, значењето, примената и потребата од планирање во глобалните претпријатија во Република Македонија. Докторската дисертација содржи вкупно 319 страници, од кои 8 страници отпаѓаат на вовед, 10 страници на заклучок, 12 страници на користена литература (206 библиографски единици) и 22 страници на прилози. Материјата во дисертацијата, покрај вовед, заклучок, литература и прилози, е структуирана во пет глави, логично систематизирани.

Во *воведот* е објаснета актуелноста на проблематиката на планирање во глобалните претпријатија, определен е предметот и целта на истражувањето, утврдени се резултатите и научниот придонес, и поставена е методологијата на истражувањето.

Во *првата глава* на докторската дисертација под наслов Феноменот на глобализација и глобалните предизвици истражувањето се фокусира на предностите и недостатоците на трендот на глобализација, фазите на процесот на глобализација, како и придобивките од глобализацијата наспроти користите од локализацијата. Во продолжение се објаснуваат ефектите на пазарната глобализација и глобализацијата на ниво на претпријатие. На крајот, се претставени идните глобални трендови и сценарија.

Во *втората глава* со наслов Карактеристики на глобалните претпријатија се определени учесниците во глобалниот бизнис, како и причините и ризиците од спроведување на глобална експанзија на активностите на претпријатијата. Понатаму, се елаборира дизајнирањето на глобалната стратегија и соодветната глобална организациска структура. Исто така, се потенцира потребата од создавање и одржување на конкурентска предност кај глобалните претпријатија на глобалниот пазар, но и зголеменото значење на примената на концептот на општествена одговорност во делувањето на глобалните претпријатија.

*Третата глава* со наслов Глобалните аспекти на деловното планирање се однесува на глобалното планирање на деловните функции на претпријатијата, дефинирање на карактеристиките на глобалното маркетинг планирање, планирањето на глобалните производствени активности, глобалното финансиско планирање и планирањето на човечките ресурси во глобалните претпријатија. Во продолжение, се разработува интегрираното деловно планирање како начин за унапредување на планирањето, а се обработуваат и современите системи и софтвери за планирање како подлога за успешно планирање. Се потенцира значењето од правилна изработка и дизајнирање на глобалните бизнис планови. Исто така, врз основа на истражувањето се класифицираат и методите на планирање кои глобалните претпријатија најредовно ги користат.

Во *четвртата глава* под наслов Стратегиското планирање во глобалните претпријатија акцент се става на релацијата помеѓу планирањето и стратегијата односно се дефинира рамката на глобално стратегиско планирање, како и проблемите и користите од стратегиското планирање во глобалните претпријатија. Во продолжение, истражувањето е насочено кон утврдување на врската на стратегиското планирање и контролата во глобалните претпријатија. Исто така, се укажува на поврзаноста на глобалното стратегиско планирање и процесот на предвидување, и се утврдуваат разликите помеѓу стратегиското планирање и стратегиското размислување во глобалните претпријатија.

*Петтата глава* со наслов Улогата и значењето на процесот на планирање во глобалните претпријатија во Република Македонија е посветена на анализата на податоците од емпириското истражување кое се фокусира на процесот на планирање во пет глобални претпријатија во Република Македонија.

Интегрален дел на дисертацијата претставува и *заклучокот* во кој се систематизираат најзначајните сознанија од проблематиката на планирање во глобалните претпријатија, предизвиците, проблемите, факторите и причините за примена на различните аспекти на деловното планирање, и значењето на планирањето за остварување на целите и создавање на конкурентската предност кај глобалните претпријатија.

Докторската дисертација обезбедува разбирање на планската активност на претпријатијата во современи услови на функционирање. Истражувањето е фокусирано на процесот на планирање во глобалните претпријатија. Се објаснуваат чекорите и фазите кои ги вклучува процесот на планирање во глобалните претпријатија, се елаборира значењето на соодветното формулирање на целите и стратегиите за настап на глобалниот пазар. Се овозможува разбирање на клучните функционални аспекти на глобалното деловно планирање. Детерминирани се инструментите за планирање и соодветните софтвери како поддршка за успешното планирање во глобалните претпријатија. Посебно внимание се посветува и на дизајнирањето на глобалните бизнис планови. Исто така, утврдени се и карактеристиките на системот на глобално стратегиско планирање, кое му е потребно на претпријатието за да се справи со брзо променливото глобално окружување и новата конкуренција, а во насока на остварување на стратегиските цели. Во докторската дисертација, теоретската дискусија за предизвиците на планирањето во глобалните претпријатија е поткрепена со резултатите од спроведено емпириско истражување во пет глобални претпријатија во Република Македонија, при што се утврдува степенот на примена на планирањето, како и практичната улога, значење и потребата од планирање за успешно остварување на целите на глобалните претпријатија.

*<u>Научниот придонес</u>*

Научниот придонес на докторската дисертација произлегува од фактот што таа претставува пионерско посеопфатно, теориско и емпириско истражување, од областа на планирањето во глобалните претпријатија и различните аспекти на глобалното деловно планирање, со посебен осврт на улогата, значењето, примената и потребата од планирање во глобалните претпријатија во Република Македонија. Посебен научен и стручен е придонесот на кандидатката во спроведување на емпириското истражување, при што се опфатени глобални претпријатија присутни на македонскиот пазар. Со

резултатите на истражувањето се потврдува корисста и потребата од планирање во глобалните претпријатија и стратегиско управување со тековните и идните активности поради брзите и непредвидливи промени во глобалното окружување и заради создавање на глобална конкурентска предност. Резултатите од истражувањето упатуваат на заклучокот дека користите од планирањето ги надминуваат трошоците за планирање. Со истражувањето се овозможува комплетна слика на процесот на планирање во глобалното променливо конкурентско окружување во кое претпријатијата бараат и користат профитни можности.

Докторската дисертација овозможува да се утврди состојбата на планирањето во глобалните претпријатија во Република Македонија, потребата и ограничувањата на планирањето, видовите планови кои овие претпријатија ги применуваат, начинот на организирање на планирањето, факторите кои влијаат на примената на планирањето како и методите за ефикасно планирање, нагласувајќи ја и позитивната врска помеѓу планирањето и перформансите на глобалните претпријатија.

Посебен научен и стручен е придонесот на кандидатката во спроведување на емпириското истражување во периодот од мај до септември 2011 година, при што се опфатени пет глобални претпријатија присутни на македонскиот пазар. Истражувањето кандидатката го реализирала со анкетен прашалник на македонски и англиски јазик доставен лично и по пат на електронска пошта, и преку интервју со менаџерите во глобалните претпријатија во Република Македонија.

Врз основа на спроведеното истражување, кандидатката наведува дека половина од анкетираните глобални претпријатија во Република Македонија делуваат во автомобилската индустрија. Тие се генерално акционерски друштва во странска сопственост, кои примениле стратегии на мерџери и аквизиции или старт од нула инвестиција при влез на македонскиот пазар.

Во врска со причините за глобализација на активностите на претпријатијата, резултатите од истражувањето укажуваат на најголемо значење на пазарната диверзификација или освојувањето на новите пазари. Како главна причина пак за влез на македонскиот пазар, глобалните претпријатија ги определуваат даночните погодности. Резултатите од спроведената анализа упатуваат на фактот дека 90% од претпријатијата ги применуваат сите аспекти на планирање. Интересен е заклучокот дека само 60% од претпријатијата применуваат IT решение (софтвер или систем) за планирање.

Според истражувањето најголемо влијание врз планирањето од екстерните фактори имаат економските фактори и конкуренцијата, додека од интерните фактори тоа се информациите за пазарот, потрошувачите и конкуренцијата, и финансиските средства. Кај глобалните претпријатија во Република Македонија според истражувањето најзастапени се стратегиските планови на ниво на врвниот менаџмент, доминира среднорочното планирање за период од 1-5 години, а во однос на функциските подрачја на планирање најголема важност претпријатијата му придаваат на финансиското планирање.

Врз основа на истражувањето, кандидатката ги класифицира и методите на планирање кои глобалните претпријатија најредовно ги користат, и тоа, финансиската анализа,

методот на најдобра практика, менаџментот по пат на цели, методите на предвидување и анализата на јазот. Истражувањето укажува на фактот дека глобалните претпријатија се генерално задоволни од примената на деловното планирање, а најчестиот проблем во процесот на планирање е комплексноста на глобалното окружување (разликите во правните, економските, пазарните, технолошките, културните услови).

Во рамките на корпоративната практика на претпријатијата, според резултатите, планирањето најчесто е децентрализирано односно постои автономност во планирањето кај националното претпријатие или деловната единица во странство. Интересен е заклучокот дека специјализираните кадри за планирање - планери се недоволно застапени кај овие претпријатија наспроти очекуваното. Анализата на презентираните резултати од истражувањето покажува дека претпријатијата најчесто избираат една оптимална локација на производство или концентрација на производството. Во врска со маркетинг програмата (производ, цена, промоција и дистрибуција), глобалните претпријатија генерално вршат адаптација на производите и услугите на локалните барања на потрошувачите во земјите, и спроведуваат нестандардизирано рекламирање. Во однос пак на човечките ресурси, според истражувањето, глобалните претпријатија применуваат геоцентрична кадровска политика, при што менаџерите ги избираат независно од националната припадност. Додека, финансирањето го реализираат интракорпорациски.

Резултатите од истражувањето, упатуваат на потврдување на теоретските сознанија за значењето на планирањето и на заклучокот дека користите од планирањето ги надминуваат трошоците за планирање. Резултатите овозможуваат разбирање на потребата од планирање, правилно формулирање и реализирање на корпоративните цели, политики, планови и стратегии заради постигнување на глобален успех. Со истражувањето се овозможува комплетна слика на процесот на планирање во глобалното променливо конкурентско окружување во кое претпријатијата бараат и користат профитни можности.

Придонесот на овој труд е и во потенцирање на современите текови во светската економија вклучувајќи го феноменот на глобализација, глобалните претпријатија како главни учесници и носители на глобалниот бизнис и потребата и користа од планирањето на глобалните активности како основа за успешно справување со глобалните предизвици.
Кандидатката успешно ги истражувала клучните прашања сврзани со карактеристиките на планирањето во глобалните претпријатија заедно со основниот концепт, функционалните подрачја на планирање и стратегиското планирање. Со резултатите на истражувањето се потврдува користа и потребата од планирање во глобалните претпријатија и стратегиско управување со тековните и идните активности поради брзите и непредвидливи промени во глобалното окружување и заради создавање на глобална конкурентска предност.

Целите и задачите што кандидатот ги формулирал во воведот на докторската дисертација во целост се остварени и дека станува збор за квалитетен труд и успешно спроведено репрезентативно емпириско истражување кое овозможува да се утврди состојбата на планирањето во глобалните претпријатија во Република Македонија, потребата и ограничувањата на планирањето, видовите планови кои овие претпријатија ги применуваат, начинот на организирање на планирањето, факторите кои влијаат на

применaта на планирањето како и методите за ефикасно планирање, нагласувајќи ја и позитивната врска помеѓу планирањето и перформансите на глобалните претпријатија.

## 2.2.2. Објавени научни трудови

### 2.2.2.1. Пред избор во звање доцент

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент,
д-р Наташа Ристовска покрај докторската дисертација објавила 9 научни трудови и 1 поглавје во книга.

### а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

Рецензентската комисија констатира дека во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Наташа Ристовска не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

### б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. **Ристовска**, **Наташа**, и Аземина Машовиќ. 2012. „Медиумски стратегии кај глобалните претпријатија“. Во *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција: Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите, Скопје, 14-15 Јуни 2012, 103-122.* Скопје: Македонско здружение за маркетинг „Маркетинг“ и Европски Универзитет РМ.

2. Машовиќ, Аземина, и **Наташа Ристовска**. 2012. „Мултинационалните компании и предизвикот на меѓународното рекламирање“. Во *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција: Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите, Скопје, 14-15 Јуни 2012, 238–254.* Скопје: Македонско здружение за маркетинг “Маркетинг” и Европски Универзитет РМ.

3. **Ристовска, Наташа**. 2011. „Маркетинг планирање во глобалните претпријатија“. Во *Годишник на трудови број 3 од Меѓународна научна конференција: Европски пат кон иднината, Скопје, 11-12 Јануари 2011, 309–322.* Скопје: Европски Универзитет РМ.

4. **Ристовска, Наташа**. 2009. „Маркетинг буџетот во услови на економска криза“. *Презентиран на Советување на тема: Маркетингот во рецесија, Охрид, 12-13 Ноември 2009.* Скопје: Македонско здружение за маркетинг “Маркетинг”.

5. **Ристовска, Наташа**, и Јана Илиева. 2009. „Стратегиско лидерство во синдикалните организации“. Во *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција: Предизвици и перспективи во туризмот и менаџментот, Скопје, Октомври 2009, 336–340.* Скопје: Универзитет за туризам и менаџмент.

6. **Ристовска**, **Наташа.** 2009. „Избор на метод за влез на странски пазар: мерџери и аквизиции наспроти greenfield инвестиции". *Во Годишник на трудови број 2, 261–270.* Скопје: Европски Универзитет РМ.

7. **Ристовска**, **Наташа.** 2008. „Одданочување на приходите од вработување во Р. Македонија". *Во Зборник на трудови, 269–279.* Скопје: Европски Универзитет РМ.

8. **Ристовска**, **Наташа.** 2008. „Стратегиското планирање како значаен инструмент на менаџментот". *Во Годишник на трудови број 1, 245–260.* Скопје: Европски Универзитет РМ.

9. **Ристовска**, **Наташа.** 2008. „Ценовни стратегии на банките". *Презентиран на Советување на тема: Примена на маркетингот во банките, Охрид, 06-07 Ноември 2008.* Скопје: Македонско здружение за маркетинг „Маркетинг".

## 2.2.2.2. После избор во звање доцент

## а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

После изборот во звање доцент, д-р Наташа Ристовска објавила 7 научни трудови.

1. Kozuharov, Sasho, Jana Ilieva, and **Natasha Ristovska**. 2017. Islamic Banking and its Perspectives. *International Journal of Academic Research in Business and Social Sciences* 7 (2): 167–177. (EBSCO)

2. Blazeska, Daliborka, and **Natasha Ristovska**. 2016. The product design as a significant element of differentiation for achieving market competitiveness. *Economic Development* 18 (1-2): 41–57. (EBSCO)

3. Milenkovski, Ace, Sasho Kozuharov, and **Natasha Ristovska**. 2016. Financing possibilities of the local government. *UTMS Journal of Economics* 7 (1): 1–11. (EBSCO)

4. Kozuharov, Sasho, **Natasha Ristovska**, and Jana Ilieva. 2015. Harmonization of tax policies reviewing Macedonia and Croatia. *UTMS Journal of Economics* 6 (2): 255–265. (EBSCO)

5. Kozuharov, Sasho, **Natasha Ristovska**, and Daliborka Blazeska. 2015. International standards for financial reporting - harmonization in the Republic of Macedonia. *UTMS Journal of Economics* 6 (2): 233–240. (EBSCO)

6. Stoilkovska, Aleksandra, **Natasha Ristovska**, and Sashko Gramatnikovski. 2015. Innovative business models a factor for competitive advantage of the companies. *UTMS Journal of Economics* 6 (1): 135–146. (EBSCO)

7. Kozuharov, Sasho, Vladimir Petkovski, and **Natasha Ristovska**. 2015. The impact of taxes measured by Gini index in Macedonia. *UTMS Journal of Economics* 6 (1): 41–52. (EBSCO)

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

После изборот во звање доцент, д-р Наташа Ристовска објавила 7 трудови во зборници од меѓународни научни конференции.

1. **Ristovska**, **Natasha,** and Ivona Ravlikj. 2016. "The role of multinational companies in enhancing innovation, technology transfer and entrepreneurship". In *Proceedings of the Fifth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2016: Global Tourism Challenges in 21st Century, Skopje, Republic of Macedonia, 8th of October 2016, 114–124*. Skopje: University of Tourism and Management.

2. **Ristovska**, **Natasha,** Suzana Baresa, and Gordana Serafimovic. 2015. "Creating innovative culture in function of enhancing business development". In *Proceedings of the Fourth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2015: Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management, Skopje, Republic of Macedonia, 09-11 of October 2015, 433–443.* Skopje: University of Tourism and Management.

3. Blazeska, Daliborka, and **Natasha Ristovska**. 2015. "The impact of the brand on consumer's decision making process". In *Proceedings of the XI International May Conference on Strategic Management - IMKSM2015: Touch the New Wave, Bor, Serbia, 29-31 of May 2015, 294–303.* Bor, Serbia: University of Belgrade, Technical Faculty in Bor, Management department. (EBSCO)

4. **Ristovska**, **Natasha.** 2014. "Strategic alliances as a method for creating competitive advantage on the global market". In *Proceedings of the Second international scientific conference: Knowledge – capital of the future, Ohrid, Macedonia, 21-23 of May 2014, 153–158.* Skopje: Institute for knowledge management.

5. Kozuharov, Sasho, and **Natasha Ristovska**. 2014. "Information systems for business planning", In *Proceedings of the First International Conference SINTEZA 2014: Impact of the Internet on Business Activities in Serbia and Worldwide, Belgrade, Serbia, 25-26 of April 2014, 595–599.* Belgrade: Singidunum University.

6. Kozuharov, Sasho, and **Natasha Ristovska**. 2013. "The impact of globalization on global business development", In *Proceedings of the Second International Scientific Conference: Employment, education and entrepreneurship (EEE 2013), Belgrade, Serbia, 16-18 of October 2013, 335–350*. Belgrade: Faculty of Business Economics and Entrepreneurship.

7. Kozuharov, Sasho, and **Natasha Ristovska**. 2013. "Foreign direct investment in the banking sector". In *Proceedings of the Third International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2013, Skopje, Macedonia, 04-06 of October 2013, 433–443.* Skopje: University of Tourism and Management.

## 2.2.2.3. После избор во звање вонреден професор

## а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

После изборот во звање вонреден професор, д-р Наташа Ристовска објавила 9 научни трудови.

1. **Ristovska, Natasha,** Daliborka Blazeska, and Sashko Gramatnikovski. 2021. Introducing intrapreneurship management concept in function of improving organizational performance. *UTMS Journal of Economics* 12 (2): 253–267. (EBSCO)

2. **Ristovska, Natasha**, and Daliborka Blazeska. 2021. The impact of emotional intelligence skills to entrepreneurial business success. *UTMS Journal of Economics* 12 (2): 171–185. (EBSCO)

3. Blazeska, Daliborka, **Natasha Ristovska**, and Angela Milenkovska Klimoska. 2021. The impact of integrated marketing communication on customer behavior. *UTMS Journal of Economics* 12 (1): 40–50. (EBSCO)

4. **Ristovska, Natasha**, and Daliborka Blazeska. 2020. Enhancing Women's Engagement in Entrepreneurial Business Activities. *UTMS Journal of Economics* 11 (2): 213–230. (EBSCO)

5. Blazeska Daliborka, **Natasha Ristovska**, and Sashko Gramatnikovski. 2020. The impact of digital trends on marketing. *UTMS Journal of Economics* 11 (1): 48–58. (EBSCO)

6. **Ristovska Natasha**, and Suzana Stankovska. 2019. Enhancing entrepreneurial skills of employees in the education process. *UTMS Journal of Economics* 10 (1): 109–123. (EBSCO)

7. Blazeska, Daliborka, and **Natasha Ristovska**. 2019. The use of social media as an effective tool for obtaining sustainable competitive advantage. *Business Management* 7 (2): 31–45. (EBSCO)

8. **Ristovska Natasha,** Aleksandra Stoilkovska, and Ivona Ravlikj. 2017. The Influence of Foreign Direct Investment on the Economic Development. *UTMS Journal of Economics* 8 (2): 141–150. (EBSCO)

9. Ilieva Jana, **Natasha Ristovska**, and Saso Kozuharov. 2017. Banking without Interest. *UTMS Journal of Economics* 8 (2): 131–139. (EBSCO)

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

После изборот во звање вонреден професор, д-р Наташа Ристовска објавила 3 трудови во зборници од меѓународни научни конференции.

1. **Ristovska, Natasha** and **Daliborka Blazheska**. 2020. “The impact of emotional intelligence skills to entrepreneurial business success”. In *Proceedings of the 7th International Congress for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2020: "Alternative paths for development of emerging economies in global business environment", Skopje, Republic of Macedonia, 11 of November 2020, 311–327.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

2. Blazeska, Daliborka, **Natasha Ristovska**, and Angela Milenkovska Klimoska. 2020. “The impact of Integrated Marketing Communication on Customers Behavior”. In *Proceedings of the 7th International Congress for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2020: "Alternative paths for development of emerging economies in global business environment", Skopje, Republic of Macedonia, 11 of November 2020, 402–412.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

3. **Ristovska, Natasha,** and Suzana Stankovska. 2018. “Enhancing entrepreneurial skills of employees in the education process”. In *Proceedings of the 6th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2018: "Global education, skills and competencies: How to deliver high quality business education in accordance with the market nee", Skopje, Republic of Macedonia, 15-16 of October 2018, 434–454.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

## 2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучила и оценила и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот д-р Наташа Ристовска во наставно-научно звање редовен професор.

## 2.2.3.1. Пред избор во звање доцент

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот, за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира, посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

## а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци

Рецезентската комисија не може да изврши анализа и оценка на научните трудови на кандидатот бидејќи во прегледот на трудови, ниту во прилогот на документацијата, кандидатот д-р Наташа Ристовска не покажува дека поседува ваков вид на научни трудови.

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни меѓународни научни конференции (а2)

1. **Ристовска**, **Наташа**, и Аземина Машовиќ. 2012. „Медиумски стратегии кај глобалните претпријатија". Во *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција: Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите, Скопје, 14-15 Јуни 2012, 103-122*. Скопје: Македонско здружение за маркетинг „Маркетинг" и Европски Универзитет РМ.

   - *Достапност на трудот:* http://www.mzmarketing.org.mk/Proceedings-of-ISCMMA12-Marketing-conference-EBSCO.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 1,2 а.а.
   - *Објавен во:* EBSCO
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
   - *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-65402-3-4
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 50%
   - *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*
Со овој труд авторите обезбедуваат разбирање на основниот концепт и процесот на стратегиско планирање на медиумските активности кај глобалните претпријатија, процес кој опфаќа четири аспекти: поставување на цели на медиумската активност во согласност со целите на маркетингот и економската пропаганда на глобалните претпријатија, развој на медиумска стратегија за имплементирање на медиумските цели, дизајнирање на медиумски тактики за реализација на медиумската стратегија, и предлог на процедури за евалуација на ефективноста на медиумскиот план. Креирањето на медиумската стратегија подразбира донесување на три клучни одлуки во контекст на буџетските ограничувања и тоа: каде да се реализира рекламирањето (географски), кога да се врши рекламирањето (временски) и кои категории на медиуми да се користат односно определување на структурата на медиа миксот при рекламирање на производот, услугата или бизнисот.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот претставува потенцирањето на улогата и значењето на процесот на избор односно селекцијата на соодветниот медиум кој ќе овозможи најефективно остварување на медиумската цел и пристап до таргетните групи на глобалниот пазар, кој има најголемо значење при поставувањето на медиумската стратегија.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економика на претпријатијата, посебно на менаџментот на мултинационалните компании, специфично постапката на дизајнирање на медиумската стратегија во услови на глобално турбулентно окружување кое бара внимателно истражување и добро

познавање на опциите на медиуми и одделните маркетинг тактики со оглед на економските, правните, културните разлики помеѓу земјите на глобалниот пазар.
*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Машовиќ, Аземина, и **Наташа Ристовска**. 2012. „Мултинационалните компании и предизвикот на меѓународното рекламирање“. Во *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција: Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите, Скопје, 14-15 Јуни 2012, 238–254.* Скопје: Македонско здружение за маркетинг “Маркетинг” и Европски Универзитет РМ.

- *Достапност на трудот:* http://www.mzmarketing.org.mk/Proceedings-of-ISCMMA12-Marketing-conference-EBSCO.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1.1 а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-65402-3-4
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*
Во рамките на овој труд авторите прават обид да ги утврдат трите фундаментални прашања во изборот на медиумите за глобалниот пазар: релативната важност на културните и националните разлики во одделните земји во изборот на медиумите, организациска структура, и односите помеѓу културната ориентација на маркетинг менаџерите и нивната перцепција на националните карактеристики при избор на медиумите. Комуникацискиот бум и пазарната глобализација доведуваат до стандардизација на рекламирањето, но за да се задоволат културните разлики, се пристапува и кон практиката на локализација како подобра алтернатива во услови на глобално рекламно окружување.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот претставува потенцирање на значењето на процесот на идентификација како на општите фактори на окружувањето (видот на производот, целниот пазар, конкуренцијата) така и на одредени фактори на земјата – домаќин (расположливоста на медиумите, правните ограничувања, нивото на развојот на економијата, важноста на писменоста и јазичните и културните разлики) со цел маркетинг менаџерите во мултинационалните компании да можат да креираат соодветна рекламна политика во меѓународни рамки.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа односно економика на претпријатија со осврт на менаџментот на мултинационалните компании, потенцирајќи ја потребата од поголема вклученост на менаџерите во воспоставувањето на целите и одредување на буџетите отколку во проектирање на креативни стратегии и избор на специфични медиуми за меѓународни рекламни кампањи.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3. **Ристовска, Наташа**. 2011. „Маркетинг планирање во глобалните претпријатија". Во *Годишник на трудови број 3 од Меѓународна научна конференција: Европски пат кон иднината, Скопје, 11-12 Јануари 2011, 309–322.* Скопје: Европски Универзитет РМ.
   - *Достапност на трудот:* http://www.eurm.edu.mk/publikacii/Godisnik_2010-2011.pdf
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 50%
   - *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да се образложи улогата и значењето на процесот на глобално маркетинг планирање. Се овозможува разбирање на клучните фактори, суштината, процедурите и основите на современото маркетинг планирање за глобалниот пазар. Опфатени се методите на планирање и видовите на глобални маркетинг планови. Се потенцира разликата помеѓу националното и глобалното маркетинг планирање. Се објаснуваат чекорите и фазите кои ги вклучува процесот на маркетинг планирање во глобалните претпријатија. Во овој труд се дискутира и за предизвиците за ефективно планирање на маркетинг активностите во глобалните компании. Се илустрира практичната потреба и корист од глобално маркетинг планирање во насока на постигнување на целите на претпријатието.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува сеопфатната анализа на профилот на маркетинг планирањето, проблемите и начинот на нивното решавање кај претпријатијата со глобален маркетинг пристап наспроти оние со извозна маркетинг ориентација. Разликите се должат на специфичностите и комплексноста на глобалното маркетинг одлучување и неговата адекватна поставеност и спроведување согласно целното окружување. Со резултатите од истражувањето се утврдува дека целта на планирањето претставува и континуираната анализа на маркетинг проблемите и можностите и координација на информациите од различните национални пазари заради засилување на конкурентноста и сигурно позиционирање на глобалниот пазар.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно економика на претпријатија со осврт на конкурентноста на глобалните претпријатија во контекст на неопходноста од постојана промена на нивните маркетинг стратегии и соодветна адаптација на овие стратегии на потребите на пазарот.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

4. **Ристовска, Наташа**. 2009. „Маркетинг буџетот во услови на економска криза“. *Презентиран на Советување на тема: Маркетингот во рецесија, Охрид, 12-13 Ноември 2009.* Скопје: Македонско здружение за маркетинг “Маркетинг”.

   - *Достапност на трудот:* http://www.mzmarketing.org.mk/about.php
   - *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
   - *Опсег на трудот:* 0,7 а.а.
   - *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
   - *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
   - *Проценет придонес на авторот:* 100%
   - *JEL класификација:* M10, G01

*Опис на трудот*
Овој труд има за цел да покаже дека врз основа на искуството од минатото, потрошувачите секогаш брзаат да ги намалат своите трошоци кога се очекува економска криза. Многу бизнис лидери реагираат на сличен начин. Антиципирајќи намалување на продажбите, тие ги намалуваат варијабилните трошоци, вклучувајќи го маркетингот, со цел да одговорат на состојбите на финансискиот пазар. Сепак, многу податоци сугерираат дека не е добра идејата да се намалуваат маркетинг издатоците во услови на рецесија за да се постигнат финансиските цели, затоа што компанијата ќе остане во послаба конкурентска позиција откако економијата ќе се опорави. Истражувањата потврдуваат дека најдобрата стратегија во смисла на долгороченповраток на средства од инвестициите е да се зголемат издатоците за маркетинг во време на економско опаѓање.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот подразбира утврдување на потребата кај компаниите од извлекување на најдоброто во тешки ситуациии односно максимумот од секој цент потрошен за поддршка на својот бренд со цел да одржат силна врска со потрошувачите. Резултатите од истражувањето покажуваат дека компаниите кои ќе успеат во оваа намера, ќе бидат добро позиционирани, ќе остварат поголеми продажби и нето приходи и ќе имаат предност пред конкуренцијата кога ќе дојдат подобри времиња во економијата.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економика на претпријатија, посебно на процесот на креирање на соодветен буџет за рекламна кампања и маркетинг активности на компаниите во услови на економска криза.

*Рецензентската комисија овој нерецензиран научен труд го оценува како прегледен труд (review).*

5. **Ристовска, Наташа**, и Јана Илиева. 2009. „Стратегиско лидерство во синдикалните организации“. Во *Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција: Предизвици и перспективи во туризмот и менаџментот, Скопје, Октомври 2009, 336–340.* Скопје: Универзитет за туризам и менаџмент.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/Zbornik-2009.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,6 a.a.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10, K20

*Опис на трудот*
Во рамките на овој труд авторите прават обид да го анализираат лидерството како процес, потребните карактеристики на лидерите во синдикалните организации, видовите на лидерство кои можат во истите да се применуваат, спецификите на синдикалното водство и легалната рамка на синдикалните организации во Република Македонија. Целта на трудот е да се покаже значајната улога на синдикатите во тековните политички и економски услови.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот се состои во потврдување на тезата дека создавањето на ефикасно и ефективно лидерство во синдикатите ќе овозможи поголеми перформанси и остварување на клучните цели на постоење на синдикалните организации.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економика на претпријатија, посебно на процесот на креирање на квалитетно стратегиско лидерство во синдикалните организации заради успех во преговорите за заштита на правата и интересите на работниците.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

6. **Ристовска**, **Наташа.** 2009. „Избор на метод за влез на странски пазар: мерџери и аквизиции наспроти greenfield инвестиции". *Во Годишник на трудови број 2, 261–270.* Скопје: Европски Универзитет РМ.

- *Достапност на трудот:* http://www.eurm.edu.mk/publikacii/Godisnik_na_trudovi_2009.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 a.a.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* F20, M10

*Опис на трудот*
Овој труд ја обработува одлуката за влез на мултинационалните претпријатија на странски пазар. Две алтернативни методи на странска директна инвестиција се земаат

во предвид и тоа старт од нула инвестициите наспроти припојувањата или преземањата. Се анализира изборот на метод на странска директна инвестиција со споредба на двата методи врз основа на надворешните и внатрешните влијанија. Се утврдува дека изборот на вистинскиот метод е различен за секое претпријатие зависно од индустријата во која работи и состојбата на пазарот во земјата домаќин, од каде што произлегуваат и препораките за инвеститорите.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот се состои во обработка на исклучително актуелна тема, изборот на метод на странска директна инвестиција со споредба на две алтернативни методи, старт од нула инвестициите наспроти припојувањата или преземањата надвор од националните граници, во зависност од надворешните и внатрешните влијанија односно од интензитетот на конкуренцијата на пазарот. Истражувањето покажува дека вистинскиот метод е различен за секое претпријатие зависно од индустријата во која работи и состојбата на пазарот во земјата домаќин, од каде што произлегуваат и препораките за инвеститорите.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно економика на претпријатија, посебно одлучувањето или стратегиските одлуки базирани на споредба на оптималните методи кои им стојат на располагање на странските инвеститори и детална проценка на опциите пред да се донесе конечната одлука за инвестирање.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

7. **Ристовска**, **Наташа. 2008.** „Одданочување на приходите од вработување во Р. Македонија“. *Во Зборник на трудови, 269–279.* Скопје: Европски Универзитет РМ.

- *Достапност на трудот:* http://www.eurm.edu.mk/publikacii/Jubileen_Zbornik_2008.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,7 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* H30

*Опис на трудот*
Предмет на истражување во овој труд е одданочувањето од вработување и неговите импликации врз вработеноста во Македонија, а особено потребата од понатамошни реформи во даночната политика кои треба да имаат ефект и врз зголемување на нивото на вработеност во земјата. Кандидатот го образложува даночниот товар од вработување во Македонија и тоа износот на персоналниот данок на доход и

придонесите за социјално осигурување како процент од вкупните трошоци за вработување на работниците во Македонија.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот се состои во обработка на исклучително актуелна тема, со истражувачки карактер и детална анализа на системот на одданочување на приходите од вработување во нашата земја и неговите импликации врз вработеноста. Кандидатот ја потенцира потребата од понатамошни реформи и промени во даночната политика кои треба да имаат ефект врз намалување на комплексноста на постапката за пресметување на даноците од вработување, ефект врз намалување на даночното оптоварување посебно за ниско квалификуваните работници, но и ефект врз зголемување на нивото на вработеност во земјата.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување, применетата економија или одданочувањето, со прикажување на соодветни насоки за потребите од приближување и прилагодување на целокупната даночна политика на земјата кон стандардите и практиката на европските земји.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

8. **Ристовска**, **Наташа.** 2008. „Стратегиското планирање како значаен инструмент на менаџментот“. *Во Годишник на трудови број 1, 245–260.* Скопје: Европски Универзитет РМ.

- *Достапност на трудот:* http://www.eurm.edu.mk/publikacii/Godisnik_2008.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*
Овој труд се однесува на процесот на планирање, целта на планирањето, неговите најголеми користи, значењето на планирањето, структурата и организацијата на планот, кој треба да го изработува и зошто, а се утврдува и суштината на процесот на стратегиско планирање како корисен инструмент во менаџерското одлучување.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот се состои во тоа што во заклучните согледување се потврдува основната хипотеза дека стратегиското планирање е значајна менаџмент алатка со која организацијата мора да одговари на динамичната и променлива средина. Во трудот се детерминира корисноста на стратегиското планирање за поттикнување на стратегиското размислување кое пак претставува база за ефикасноста на претпријатието. Со резултатите од истражувањето кандидатот укажува на причините за неуспехот на стратегискиот план, како што се слабата имплементација и

несоодветната стратегија но и слабото маркетинг истражување, грешките при дефинирање на насоките или недостиг на креативност при идентификација на целите. Со овој труд се идентификува планирањето како најмоќна менаџмент алатка која му стои на располагање на организациското лидерство.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на областа на истражување или економика на претпријатија односно процесот на стратегиско планирање каде ги дава и насоките како од научен, така и од теоретски аспект за негова соодветна примена во претпријатијата во насока на зголемување на успешноста во остварување на нивните цели.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

9. **Ристовска**, **Наташа.** 2008. „Ценовни стратегии на банките". *Презентиран на Советување на тема: Примена на маркетингот во банките, Охрид, 06-07 Ноември 2008.* Скопје: Македонско здружение за маркетинг „Маркетинг".

- *Достапност на трудот:* http://www.mzmarketing.org.mk/about.php
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,7 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M10, G20

*Опис на трудот*
Кандидатот во овој труд нагласува дека цената на услугите е значаен елемент на маркетинг миксот и значаен извор на приходи за организацијата. Цената е единствена од сите компоненти на маркетинг миксот која резултира со приход, додека останатите повлекуваат трошоци. Одредувањето на соодветна цена и за пазарот и во однос на конкуренцијата е особено важен елемент за секторот на финансиско банкарски услуги. Со зголемување на конкуренцијата во финансиско банкарскиот сектор одредувањето на правилна цена на услугите станува основен елемент на маркетинг стратегијата.

*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот се состои во тоа што ја потврдува тезата дека креирањето на соодветна стратегија на цени е важен аспект во зголемување на конкурентската предност во банкарскиот сектор. Во трудот се утврдува значењето на маркетинг пристапот кој се однесува на политиката на цени. Со резултатите од истражувањето се потврдува дека од аспект на маркетингот најприфатливо би било утврдување на цената на основа на вредноста на услугата која ја перцепираат потрошувачите, сепак банките треба да бидат свесни дека не можат сите производни линии да ги продаваат според иста ценовна стратегија и не можат сите да бидат еднакво профитабилни. Со цел да се остварат профитните цели на банките согласно деловните планови потребна е континуирана анализа и следење на пазарот, промените во побарувачката и потребите на потрошувачите.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економика на претпријатија, односно утврдување на соодветна ценовна политика кај банкарските институции заради обезбедување на конкурентска предност.

*Рецензентската комисија овој нерецензиран научен труд го оценува како прегледен труд (review).*

## 2.2.3.2. После избор во звање доцент

## а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. Kozuharov, Sasho, Jana Ilieva, and **Natasha Ristovska**. 2017. Islamic Banking and its Perspectives. *International Journal of Academic Research in Business and Social Sciences* 7 (2): 167–177.

- *Достапност на трудот:* http://hrmars.com/hrmars_papers/Islamic_Banking_and_its_Perspectives.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци RePEc, UlrichWeb (Global Serial Directory) USA, Index Copernicus Poland, EBSCO Host, USA.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 2222-6990
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* G20, K22, K33

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да придонесе кон дебатата која се однесува на потенцијалите за развој на исламското банкарство и можностите за редефинирање на конвенционалното банкарство. Во последните неколку години, глобалниот банкарски систем доживеа големи потреси. Глобалната економска криза, која започна во 2008 година, предизвика низа последици на конвенционалниот банкарски систем. Од друга страна, исламските банки направија голем раст, а нивните банкарски средства според проценките се во вредност од околу 1.800 милијарди долари. Тајната е во тн. "халал финансирање", односно се работи за финансиски систем базиран на исламските принципи. Во таа

смисла, основата на исламското банкарство е забраната за давање или земање камата во било каков облик.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува потенцирање на спецификите на исламското право, како и тековните состојби и предизвици во иднина, особено во контекст на перспективите за развој на исламската финансиска индустрија на европскиот континент. Исламските финансиски активности покажаа значителен раст во текот на изминатите децении, а се предвидува дека трендот на раст ќе продолжи со истото темпо во иднина. Овој специфичен банкарски сегмент е системски важен во многу земји од различни региони во светот. Според анализите на Ernst & Young исламските финансии покажуваат пораст од 17% на глобално ниво во изминативе неколку години, а се проценува дека до 2019 година, исламските финансии ќе имаат 1.8 трилиони во актива и троструко ќе го зголемат профитот.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно применета економија, со потенцирање на сознанијата дека и покрај брзорастечкиот тренд на исламското банкарство и на исламскиот финансиски систем, исламскиот пазар на пари е се уште релативно неразвиен во однос на конвенционалниот и дека истиот е во доста неповолна положба поради законските регулативи кои се повеќе наклонети кон конвенционалното банкарство.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. Blazeska, Daliborka, and **Natasha Ristovska**. 2016. The product design as a significant element of differentiation for achieving market competitiveness. *Economic Development* 18 (1-2): 41–57.

- *Достапност на трудот:* https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2022/08/Economic-Development-Journal-of-the-Institute-of-Economics-Skopje-Year-18-No.1-2-2016-June-2016.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 0,8 a.a.
- *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database,(Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library,(Frankfurt am Main, Germany).
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN 1857-7741 (online)
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија:* 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M10, M30

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да се потенцира дизајнот на производите како значаен елемент во процесот на создавање и одржување на конкурентска предност на компанијата на пазарот. Анализата покажува дека голем дел од компаниите во Република Македонија не обрнуваат внимание на прашањето за создавање на дизајн кој ќе доведе до градење на силен бренд и корпоративент имиџ препознатлив од страна на потрошувачите. Всушност, истражувањето е концентрирано на клучните параметри на дизајнот кои влијаат на одлуката за купување, преку споредба на неколку производи на производителите на вино во Република Македонија кои имаат еднаков квалитет и цени

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека покрај квалитетот на производот, неговата визуелна атрактивност и функционалноста се клучните фактори кои влијаат на одлуката за купување. Всушност, дизајнот е оној кој го привлекува потрошувачите, што ги диференцира производите и пред се влијае на купување на одлуката. Дизајнот на пакувањето е од клучно значење за маркетингот на компаниите поради тоа што има влијание на корпоративниот имиџ.
*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно економика на претпријатија, со прикажување на препораки за зголемување на атрактивноста на производите преку иновативен дизајн, кој може да им донесе на компаниите подобра стратегиска позиција на пазарот, можност за диференцијација, оригиналност, и зголемување на конкурентноста.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

3. Milenkovski, Ace, Sasho Kozuharov, and **Natasha Ristovska**. 2016. Financing possibilities of the local government. *UTMS Journal of Economics* 7 (1): 1–11.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%207%20No.%201/UTMSJOE-2016-0701-01-Milenkovski-Kozuharov-Ristovska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 a.a.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* H71

*Опис на трудот*

Овој труд ги претставува состојбите и финансиските практики на локалната самоуправа. Се презентира компаративна анализа помеѓу можностите за финансирање на општините во Република Македонија и други земји во Европа, и тоа Србија, Чешка, Германија, Словенија и Бугарија. Се обезбедува целосна слика на одделните извори на финансирање и структурата на расходите во општините на европските земји наспроти македонските општини. Се потенцираат најдобрите практики за финансирање на локалната самоуправа од Европа кои би можеле да се аплицираат во Република Македонија. Имплементацијата на овие практики согласно позитивното искуство на општините од земјите во Европа, ќе овозможат зголемување на финансискиот капацитет на општините што во крајна линија ќе доведе до создавање на финансиски самоодржливи општини.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува деталниот приказ на можностите за финансирање на локалната самоуправа по примерот на европските земји кои претставуваат успешни практики.
*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно применета економија, со потенцирање на препораките од истражувањето за потребата од нов концепт и нови извори на финансирање на општините, како и воведување на соодветен систем за редистрибуција и хоризонталната еднаквост помеѓу општините, со што ќе се обезбеди нивна поголема независност и зголемување на нивниот финансиски капацитет.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

4. Kozuharov, Sasho, **Natasha Ristovska**, and Jana Ilieva. 2015. Harmonization of tax policies reviewing Macedonia and Croatia. *UTMS Journal of Economics* 6 (2): 255–265.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%202/UTMSJOE-2015-0602-007-Kozuharov-Ristovska-Ilieva.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
- *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2,5 бодови
- *JEL класификација:* H30, K33

*Опис на трудот*

Целта на трудот е да се анализира постапката на хармонизација на доночната полика на Република Македонија согласно Европската. Усогласување на данокот е комплексно прашање во процесот на европската интеграција, тоа е процес на конвергенција на даночниот систем врз основа на заеднички сет на правила и, во принцип, тоа значи постоење на идентични или слични даночни стапки за даночните обврзници во Европската унија, односно евро-зоната.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се однесува на компаративната анализа на даночните реформи во Македонија и Хрватска, како и другите земји членки на ЕУ, со што се потенцира потребата од севкупно усогласување, кое покрај даночните стапки значи и структурно усогласување или хармонизација на даночната структура. Усогласувањето на директните даноци се потпира главно на избегнување даночно затајување и избегнување на двојното оданочување. Потребно е усогласување на регулативите и директивите во областа на индиректните даноци во однос на воспоставување на единствен пазар, или отстранување на пречките за слободно движење на стоки, луѓе, услуги и капитал.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа, односно применета економија, потенцирајќи ја препораката за потребата од соодветни даночни реформи гледано хронолошки и ефектите од истите врз повеќе аспекти на економската состојба во Македонија, но и врз процесот на интегрирање во Европската унија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

5. Kozuharov, Sasho**,** **Natasha Ristovska**, and Daliborka Blazeska. 2015. International standards for financial reporting - harmonization in the Republic of Macedonia. *UTMS Journal of Economics* 6 (2): 233–240.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%202/UTMSJOE-2015-0602-005-Kozuharov-Ristovska-Blazeska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M480

*Опис на трудот*

Авторите на трудот го потенцираат значењето на континуираниот проток на веродостојни, релевантни и финансиски важни информации за донесување економски оправдано и стратешки одлуки за инвестиции. Економската глобализација ја засилува потребата од создавање на единствен јазик за комуникација, еден сет на меѓународните стандарди за финансиско известување со единствена цел за подобрување на транспарентноста на инвеститорите и намалување на цената на капиталот. Усогласувањето на финансиското известување обезбедува поефикасно користење на глобалните ресурси, полесно консолидација на филијалите на мултинационалните компании, олеснување на сметководството и намалување на трошоците за ревизија. Првичната цел на ова истражување е да се потенцира улогата и значењето на финансиските извештаи и информациите кои ги содржат во процесот на донесување одлуки со посебен акцент на одлучувањето кај менаџерите во средни и мали субјекти во Република Македонија.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот се однесува на анализата на придобивките кои националната економија може да ги добие ако меѓународните стандарди за финансиско известување се успешно спроведени. Посебно внимание во овој труд е посветен на факторите кои го детерминираат усогласувањето на финансиското известување. Анализата на резултатите ја потенцира перцепцијата на менаџерите за важноста на финансиските извештаи, и ефектите од примената на МСФИ во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа, односно применета економија, потенцирајќи го значењето од изготвување на финансиски извештаи во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување, соодветна квалификација на овластени сметководители, како и институционално следење и контрола на правилна примена на меѓународните стандарди за финансиско известување и примена на етичкиот кодекс, а со тоа и намалување на временската рамка за конвергенција на меѓународните прописи со националните прописи. Целосната усогласеност на финансиското известување во Република Македонија врз основа на меѓународните стандарди за финансиско известување ќе овозможи одржлив развој на македонските компании и индиректно ќе влијае врз економскиот развој на земјата.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

6. Stoilkovska, Aleksandra, **Natasha Ristovska**, and Sashko Gramatnikovski. 2015. Innovative business models a factor for competitive advantage of the companies. *UTMS Journal of Economics* 6 (1): 135–146.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%201/6-1-11-UTMS_Journal_of_Economics.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 a.a.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.

- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2,5 бодови
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да обезбеди разбирање на влијанието на бизнис моделот и неговата иновативност врз зголемување на конкурентноста на компаниите. Истражувањето се фокусира на иновациите и креативноста како клучни аспекти во делувањето на современите организации во денешното динамичко и турбулентно окружување. Се објаснува концептуалната рамка на бизнис моделот како уникатен начин на креирање на вредност за потрошувачите. Во трудот се елаборираат новите иновативни бизнис модели преку понуда на нови или различни бенефиции од примена на постојниот асортиман на производи и услуги, креирајќи понуда на вредности за потрошувачите на нов и неконвенционален начин. Истражувањето се фокусира на потребата од воведување на иновативни практики, дизајнирање иновативни бизнис модели и нивната успешна имплементација во контекст на креирање и одржување на конкурентска предност и обезбедување на континуиран развој на македонските компании. Со резултатите од истражувањето се потврдува поставената хипотеза.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се однесува на анализата на состојбата на бизнис климата во Република Македонија преку идентификување на нивото на иновативност и креативност во најуспешните компании во земјата за 2012 година. Се обезбедува позитивен пример на имплементација на проекти во контекст на иновативни бизнис модели кои им обезбедиле на овие компании да бидат во групата на најконкурентни бизниси во земјата.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа, односно економика на претпријатија, потенцирајќи го зголеменото значење на промените и иновациите во сите подрачја на делување на компаниите во насока на утврдување на нивната стратегиска позиција на пазарот.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

7. Kozuharov, Sasho, Vladimir Petkovski, and **Natasha Ristovska**. 2015. The impact of taxes measured by Gini index in Macedonia. *UTMS Journal of Economics* 6 (1): 41–52.

- *Достапност на трудот:* http://utmsjoe.mk/files/Vol.%206%20No.%201/6-1-3-UTMS_Journal_of_Economics.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)

- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а.
- *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EconLit, ABI/INFORM (ProQuest), Social Science Premium Collection (ProQuest), EBSCO.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 40%
- *Бодови според член 95-а, став 6 од Законот за Високото образование на Република Македонија*: 2 бодови
- *JEL класификација:* O150

*Опис на трудот*

Во овој труд авторите вршат анализа на нееднаквоста на приходите во Република Македонија како земја во развој каде истата се зголемува во просек за 4% на годишно ниво во текот на изминатите 15 години според Gini индексот. Проблемот на нееднаквоста во приходите ја рангира Република Македонија највисоко во однос на земјите од Југоисточна Европа. Авторите мерено преку Gini индексот, економетриски модел на регресија и корелација, определуваат кои видови на данок имаат најголемо влијание врз нееднаквоста на приходот во Република Македонија.

*Научен придонес на трудот*

Научен придонес на трудот претставува потенцирање на нееднаквоста во приходите како закана за современите економски системи, без разлика дали се земји во развој или развиени земји. Според вредностите на Gini индексот како најпопуларна инструмент за мерење на нееднаквоста во приходите и компаративната анализа се покажа дека Република Македонија има значително повисока нееднаквоста во приходите од земјите во Југоисточна Европа и земјите од Европската унија. Ова прашање е резултат на голем број на фактори кои може да влијаат на нееднаквоста на приходот, при што релевантноста на даночниот систем за нееднаквоста на приходот во Република Македонија е потврдена со спроведената регресивна анализа.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа, односно применета економија, со потенцирање на емпириските резултати според кои персоналниот данок на доход има најголема важност како фактор на нееднаквоста на приходот во Република Македонија, што значи дека промените во системот, а можеби и повторно воведување на прогресивна стапка на даноците може да имаат корист кон намалување на нееднаквоста во приходите, но менување на даноците и даночните стапки не може непосредно да доведе до намалување на вредноста на Gini индексот за нееднаквоста во приходите на Република Македонија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. **Ristovska**, **Natasha,** and Ivona Ravlikj. 2016. "The role of multinational companies in enhancing innovation, technology transfer and entrepreneurship". In *Proceedings of the Fifth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2016: Global Tourism Challenges in 21st Century, Skopje, Republic of Macedonia, 8th of October 2016, 114–124*. Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/ICONBEST_2016.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M1, O0

*Опис на трудот*
Овој труд претставува детално истражување во функција на докажување на влијанието на мултинационалните компании врз развојот на домашните компании во земјата домаќин. Мултинационалните компании влијаат на подобрување на економскиот раст во земјата домаќин преку трансфер на технологија, капитал, менаџмент практики и имплементација на иновации. Овој труд има за цел да ја покаже улогата на мултинационалните компании во зголемување на конкурентноста на домашниот пазар, перформансите на домашните компании и подобрување на пазарот на трудот во земјата.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставуваат добиените резултати од истражувањето спроведено меѓу странски компании кои имаат инвестирано во Република Македонија кои покажуваат дека колку повеќе државата обезбедува поволни услови за странските инвестиции, повеќе мултинационални компании ќе инвестираат во земјата, што ќе влијае на развојот на домашниот пазар и на домашните компании. Мултинационални компании кои веќе имаат инвестирано регрутираат работната сила од домашниот пазар, што резултира со намалување на невработеноста во земјата, воедно имаат тенденција да ги развиваат човековите ресурси во континуитет, преку обезбедување обуки и спроведување на програми за подобрување на вештините на вработените, ги продаваат своите производи и услуги на македонскиот пазар, а со тоа се зголемува конкуренцијата, така што домашните компании се охрабруваат да ги подобрат своите перформанси, квалитетот на производите и услугите, како и да спроведуваат повеќе иновации, домашните компании можат да се вклучат во процесот на снабдување на мултинационалните компании со потребните ресурси, и конечно мултинационалните компании вршат трансфер на технологија, знаење, вештини, со што влијаат на развојот на домашните компании.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на применета економија, потенцирајќи ги резултатите од истражувањето за позитивните ефекти кои произлегуваат од зголемена деловна соработка помеѓу странските инвеститори и домашните мали и средни бизниси со што индиректно се влијае и на економскиот развој на земјата.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2. **Ristovska**, **Natasha,** Suzana Baresa, and Gordana Serafimovic. 2015. “Creating innovative culture in function of enhancing business development”. In *Proceedings of the Fourth International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2015: Economic analysis of global trends in tourism, finance, education & management, Skopje, Republic of Macedonia, 09-11 of October 2015, 433–443.* Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/Icon_Best_2015/Icon_Best_2015.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да претстави како компаниите можат да ја редизајнираат својата организациска култура и организациска клима, преку поттикнување на иновативноста на вработените односно ослободување на креативниот дух на вработените. Формулирање и имплементација на иновативни бизнис практики е главен адут на топ менаџментот за надминување на клучни противници на пазарот. Фокус на ова истражување е важноста на иновациите и создавањето на иновативна култура во организациите. Без иновации не постои конкуренција, нема нови производи, услуги и процеси, или подобрување на постоечките. Секоја организација треба да ја инкорпорора иновацијата како системски процес и да развие иновативна култура која ќе ја надополни корпоративната стратегија за развој и одржување на конкурентноста на компанијата и зголемување на профитабилноста.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето спроведено меѓу најдобрите македонски компании кои покажуваат дека македонските компании практикуваат политика на иновации во својата работа и до одреден степен тие ги стимулираат и мотивираат вработените да даваат иновативни предлози и решенија, но има простор за натамошен развој на креативноста и иновацијата. Истражувањето има за цел да промовира позитивни примери за креирање и спроведување на иновативна бизнис култура, која им помогнала на компаниите да стигнат на врвот на најуспешните во Република Македонија.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката односно економија на претпријатија, потенцирајќи ја потребата и значењето на воведување на промени и поттикнување на иновации во македонските компании според глобалните предизвици на пазарот и трендови во бизнисот, со оглед на тоа што клучен фактор за да се овозможи и поддржи процесот на иновации во компаниите е дизајнирање на соодветна организациска стратегија, структура и култура.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3. Blazeska, Daliborka, and **Natasha Ristovska**. 2015. "The impact of the brand on consumer's decision making process". In *Proceedings of the XI International May Conference on Strategic Management - IMKSM2015: Touch the New Wave, Bor, Serbia, 29-31 of May 2015, 294–303.* Bor, Serbia: University of Belgrade, Technical Faculty in Bor, Management department.

- *Достапност на трудот:* http://media.sjm06.com/2012/11/Book-of-Proceedings_IMKSM15.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Објавен во:* EBSCO
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10, M37

*Опис на трудот*
Целта на трудот е да покаже дека успехот на компанијата на пазарот зависи од нејзината способност да се разликува од конкурентите. Брендот претставува важна алатка и извор на конкурентска предност. Процесот на донесување одлуки е исклучително сложен со оглед на фактот дека потрошувачите се соочуваат со избор од голем број на исти или слични производи на пазарот. Главната цел на истражувањето е да се идентификуваат факторите кои влијаат на процесот на донесување одлуки на потрошувачот. Во тековната високо конкурентна средина, не е доволно компаниите да понудат квалитетни производи и услуги, туку е потребно да креираат ефикасен начин за нивна продажба. Соодветно на тоа, за да се добие повисок удел на пазарот и да се реализираат планираните продажба, создавањето на бренд е многу потребно и се препорачува.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува истражувањето спроведено кај македонските компании чии резултати потврдуваат дека брендот е најефективниот начин на комуникација со потрошувачите и главен фактор во процесот на донесување одлуки за купување.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економика на претпријатија, односно потребата од инвестиции во градење на брендови како вистинска стратегија за подобрување на конкурентноста на компаниите особено на македонските компании на домашниот пазар во споредба со странските компании, но секако и заради успешен влез на странски пазари.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

4. **Ristovska**, **Natasha.** 2014. "Strategic alliances as a method for creating competitive advantage on the global market". In *Proceedings of the Second international scientific conference: Knowledge – capital of the future, Ohrid, Macedonia, 21-23 of May 2014, 153–158.* Skopje: Institute for knowledge management.

- *Достапност на трудот:* http://www.ikm.mk/IKM-EN/scientific%20Vol.%201%20&%202.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,5 a.a.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 100%
- *JEL класификација:* M160

*Опис на трудот*
Целта на овој труд претставува анализа на стратегиските сојузи како ефективен метод за креирање и одржување на конкурентската предност на претпријатијата на глобалниот пазар. Во услови на динамично и комплексно глобално окружување, претпријатијата се соочени со предизвикот на опстанок на пазарот и потребата од креирање на соодветна стратегија или адаптација на постојната во насока на задржување и зголемување на пазарниот удел. Во контекст на трендот на глобализација на деловните активности на претпријатијата, конкуренцијата станува клучно прашање. Неопходно е формулирање на адекватна и флексибилна стратегија согласно промените во конкурентското окружување.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува потенцирањето на специфичната рамка на стратегиските алијанси како метод кој се применва од страна на претпријатијата во процесот на остварувањето на глобална стратегиска конкурентска позиција. Авторот обезбедува детална елаборација на преговарачките аспекти и процесот на селекција на стратегиски партнер при создавање на алијансите. Дизајнот, менаџментот и имплементацијата на моделот на стратегиски сојузи се сеопфатно претставени, како и потенцијалните проблеми кои се однесуваат на опстанокот на стратегиските алијанси.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економика на претпријатија и применета економија, потенцирајќи ги позитивните ефекти од креирањето на

стратегиските алијанси помеѓу претпријатијата заради зголемување на можностите за успех на глобалниот пазар.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

5. Kozuharov, Sasho, and **Natasha Ristovska**. 2014. "Information systems for business planning", In *Proceedings of the First International Conference SINTEZA 2014: Impact of the Internet on Business Activities in Serbia and Worldwide, Belgrade, Serbia, 25-26 of April 2014, 595–599.* Belgrade: Singidunum University.

- *Достапност на трудот:* http://portal.sinteza.singidunum.ac.rs/Media/files/2014/Sinteza-2014.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,5 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* M10

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да ги анализира информациските системи како интегративен систем кој обезбедува поддршка за функциските активности, за управувањето и процесот на одлучување во организациите. Интеграцијата на деловното планирање и информациските сиситеми се смета како значаен фактор за водење на успешен бизнис и креирање на конкурентска предност во светот со промени. Софтверите за деловно планирање се развиваат во последните години како резултат на зголемените потреби на корисниците - претпријатијата кои треба да се адаптираат на динамичното окружување и да ги иновираат и унапредат своите активности. Со резултатите од истражувањето се потенцира дека овие информациски системи се важен инструмент за квалитетот на процесот на стратегиско планирање.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува сеопфатната споредба на традиционалните и модерните системи за планирање, елаборацијата на проблемите во традиционалниот пристап на деловно планирање и соодветно укажување на предностите од имплементацијата на новите технолошки поддржани системи за планирање кои ја зголемуваат ефикансоноста и ефективноста на планскиот процес и процесот на одлучување на претпријатијата.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економика на претпријатија, потенцирајќи дека бројните иновации врзани со примената на информациската технологија и новите трендови во софтвери, програми и системи, го менуваат начинот на кој претпријатијата го спроведуваат и контролираат процесот на планирање на деловните активности.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

6. Kozuharov, Sasho, and **Natasha Ristovska**. 2013. “The impact of globalization on global business development”, In *Proceedings of the Second International Scientific Conference: Employment, education and entrepreneurship (EEE 2013), Belgrade, Serbia, 16-18 of October 2013, 335–350.* Belgrade: Faculty of Business Economics and Entrepreneurship.

- *Достапност на трудот:* http://vspep.edu.rs/_img/downsekcija/2013/10/vol1eee2013.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 1,0 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* F60, F23

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да обезбеди разбирање на влијанието на процесот на глобализација врз светската економија и на деловните активности на глобалните претпријатија. Истражувањето на глобалните предизвици се фокусира на двигателите и димензиите на трендот на глобализација. Се објаснуваат социјалните ефекти на пазарната глобализација и ефектите на пазарната глобализација на ниво на претпријатијата. Анализа на различните видови на ризик при глобална експанзија на активностите е вклучена. Во трудот се елаборираат разликите помеѓу глобалните и националните бизнис активности. Со резултатите од истражувањето се потврдува дека глобализацијата е иднината на бизнис секторот, а развојот на соодветни стратегии за експанзија на работењето на претпријатија неопходност заради нивна трансформација во глобално конкурентни претпријатија.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се однесува на анализата на причините и мотивите за глобална експанзија на деловните активности на компаниите и презентирање на потребата на глобалните претпријатија да креираат и одржат конкурентска предност на глобалниот пазар.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на анализа, односно применета економија, потенцирајќи ги клучните функционални аспекти и зголеменото значење на примената на концептот на глобален бизнис развој и влез на нови пазари во насока на успешна реализација на стратегиските цели на глобалните претпријатија.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

7. Kozuharov, Sasho, and **Natasha Ristovska**. 2013. “Foreign direct investment in the banking sector”. In *Proceedings of the Third International Conference for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2013, Skopje, Macedonia, 04-06 of October 2013, 433–443*. Skopje: University of Tourism and Management.

- *Достапност на трудот:* http://iconbest.utms.edu.mk/images/ICON_BEST_2013.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,8 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *JEL класификација:* F23, G20

*Опис на трудот*
Овој труд ги презентира и евалуира различните карактеристики на политиката на странски директни инвестиции со фокус на СДИ во банкарскиот сектор. Неспорен факт е дека финансискиот сектор се одликува со значајни промени. Дерегулацијата, новите информациски технологии и глобализацијата се клучните сили кои водат до промени во банкарскиот сектор. Главните економски последици на овие промени се зголеменото ниво на конкурентност во банкарскиот сектор, со што се врши притисок на банките да ги намалат нивните каматни стапки и ги принудува да имплементираат нови стратегии. Со истражувањето се покажува зголеменото ниво на стратегиите на мерџери и аквизиции кај банките.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставува деталната анализа на примената на пристапот на странски директни инвестиции кај банките во Централна и Источна Европа и Република Македонија, потенцирајќи го позитивното влијание на СДИ врз економијата.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на применета економија, односно потребата од стратегиска реакција на банките во услови на променливо пазарно окружување преку интензивна имплементација на странските директни инвестиции во насока на зголемување на ефикасноста и профитабилноста на нивните активностите во контекст на глобализацијата.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

### 2.2.3.2. После избор во звање вонреден професор

### а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

1. **Ristovska, Natasha,** Daliborka Blazeska, and Sashko Gramatnikovski. 2021. Introducing intrapreneurship management concept in function of improving organizational performance. *UTMS Journal of Economics* 12 (2): 253–267. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.12.No.2/11.INTRODUCING_INTRAPRENEURSHIP_MANAGEMENT_CONCEPT_IN_FUNCTION_OF_IMPROVING_ORGANIZATIONAL_PERFORMANCE.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO; ProQuest; C.I.R.E.T; DOAJ; EconBiz; Econis; EconLit; EconStor; EDRIC; EZB; Google Scholar; IDEAS; Index Copernicus International; Open J-Gate; RePEc; Socionet; ZBW.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС:* 5 бодови
- *JEL класификација:* M21, M10, L26, L83

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да се докаже поврзаноста на воведувањето на концептот на интрапретприемништво со мотивацијата и продуктивност на вработените. Се потенцира дека интрапретприемачката култура и специјално дизајнираните системи за наградување може да ги поттикнат вработените да ја искористат својата креативност за да придонесат за континуирани деловни иновации и севкупен деловен успех. Елаборирано е влијанието на мотивацијата на вработените врз нивната креативност и севкупните иновациски процеси. Во трудот е анализиран моделот на иновативна организациј, а која воведува концепт на интрапретприеништво во управувањето. Во таа насока, нагласена е важноста на соодветен систем за управување со перформансите кој ги поддржува интрапретприемачките активности.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето во мултинационална организација во хотелската индустрија кои покажуваат дека интрапретприемништвото треба да се имплементира во услужните организации со цел да се зголеми креативноста и мотивацијата на вработените да бидат вклучени во иновативните процеси и да придонесуваат за просперитет на бизнисот и унапредување на перформансите.

*Личен научен придонес на авторот*

Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економика на претпријатијата, потенцирајќи ја потребата од примена на современи менаџмент концепти како што е интрапретприемништвото во функционирањето на деловните

организации, а во насока на зголемување на задоволството на вработените и унапредување на организациската ефикасност и профитабилност.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

2. **Ristovska, Natasha**, and Daliborka Blazeska. 2021. The impact of emotional intelligence skills to entrepreneurial business success. *UTMS Journal of Economics* 12 (2): 171–185. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://www.utmsjoe.mk/files/Vol.12.No.2/5.THE_IMPACT_OF_EMOTIONAL_INTELLIGENCE_SKILLS_TO_ENTREPRENEURIAL_BUSINESS_SUCCESS.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO; ProQuest; C.I.R.E.T; DOAJ; EconBiz; Econis; EconLit; EconStor; EDRIC; EZB; Google Scholar; IDEAS; Index Copernicus International; Open J-Gate; RePEc; Socionet; ZBW.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС:* 5 бодови
- *JEL класификација:* M13, L26

*Опис на трудот*
Овој труд претставува детална анализа на деловните лидери кои имаат претприемачки улоги во процесот на донесување одлуки. Како претприемачи, тие се карактеризираат со високо ниво на креативност, иновативност, спсообност за преземање ризици, но исто така и со високо ниво на емоционална интелигенција која може да биде исклучително корисна во деловните активности. Вештините на емоционална интелигенција им овозожуваат на менаџерите подобро разбирање на потребите, чувствата и ситуациите во секојдневното деловно работење. Претприемачите со висока емоционална интелигенција можат ефикасно да создадат производ или услуга кој ќе одговара на потребите и очекувањата на целните купувачи, но способни се да градат и квалитетни меѓучовечки односи и да ја подобруваат мотивацијата на вработените. Целта на овој труд е да го елаборира влијанието на вештините на емоционална интелегинеција претприемачкиот успех.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставуваат резултати од истражувањето и анализата кои ја потврдуваат поврзаноста помеѓу емоционалната интелигенција на деловните лидери и нивните перформанси, а со тоа обезбедува насоки за равој и надградување на вештините на емоционалната интелегенција и нивна примена во насока на остварување на подобри финансиски резултати на компаниите.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко разбирање на проблематиката на економика на претпријатија, потензирајќи го значењето на примена на емоционалната интелегенција од страна на претприемачките лидери во функција на постигнување деловен успех на пазарот.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

3. Blazeska, Daliborka, **Natasha Ristovska**, and Angela Milenkovska Klimoska. 2021. The impact of integrated marketing communication on customer behavior. *UTMS Journal of Economics* 12 (1): 40–50. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.12.No.1/4.THE_IMPACT_OF_INTEGRATED_MARKETING_COMMUNICATION_ON_CUSTOMER_BEHAVIOR.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* професионален труд (professional paper)
- *Опсег на трудот:* 0,7 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO; ProQuest; C.I.R.E.T; DOAJ; EconBiz; Econis; EconLit; EconStor; EDRIC; EZB; Google Scholar; IDEAS; Index Copernicus International; Open J-Gate; RePEc; Socionet; ZBW.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС:* 5 бодови
- *JEL класификација:* M30, M13

*Опис на трудот*
Целта на трудот е да обезбеди детална елаборација на интегрираните маркетинг комуникации како клучен елемент во напорите на современите компании да градат долгорочни односи со потрошувачите. Интегрираните маркетинг комуникации се основа за зголемување на конкурентноста на компаниите кои треба задолжително да користат иновативни методи за воспоставување на квалитетни комуникациски односи со потрошувачите на подолг период. Посебно внимание во истражувањето е посветено на свесноста на македонските компании за влијанието на интегрираните маркетинг комуникации врз однесувањето на потрошувачите. Со истражувањето се потврдува потребата на компаниите од координиран пристап на употреба на поголем број различни алатки за комуникација со потрошувачите.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во добиените резултати од истражувањето кои претставуваат препорака и насоки за компаниите да применуваат комбинација на

елементите на интегрираните маркетинг комуникации за остварување на долгорочна комуникација со потрошувачите, а со тоа и успех на пазарот.
*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко познавање на економика на претпријатија, потенцирајќи го значењето на планирање и имплементирање на програма базирана на комбинирани форми за успешна и одржлива комуникација со потрошувачите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како професионален труд (professional paper).*

4. **Ristovska, Natasha**, and Daliborka Blazeska. 2020. Enhancing Women's Engagement in Entrepreneurial Business Activities. *UTMS Journal of Economics* 11 (2): 213–230. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.11.No.2/ENHANCING_WOMENS_ENGAGEMENT_IN_ENTREPRENEURIAL_BUSINESS_ACTIVITIES.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 1,1 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO; ProQuest; C.I.R.E.T; DOAJ; EconBiz; Econis; EconLit; EconStor; EDRIC; EZB; Google Scholar; IDEAS; Index Copernicus International; Open J-Gate; RePEc; Socionet; ZBW.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС:* 5 бодови
- *JEL класификација:* M13, L26

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да ја обработи мотивацијата на жените да започнат сопствен бизнис, со фокус на специфични проблеми и предизвици со кои се соочуваат и начините за нивно надминување. Се анализира развојот на позицијата на жените во бизнисот и општеството. Развојот на женското претприемништво варира во различни делови на светот во зависност од економскиот развој на регион. Како резултат на можностите создадени од политичките и економските промени, жените повеќе се вклучени во водење компании или одлучуваат да започнат сопствен бизнис. Потенцирано е значењето на претприемничкото образование со цел поттикнување на женското претприемништво во сите фази на образовниот процес, каде жените претприемачи ќе ги зголемат своите знаења и претприемачки вештини. Нагласена е и потребата од поддршка од успешните жени преку споделување на нивната приказна и искуство.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето со кои се идентификуваат најважните фактори за зајакнување на развојот на женското претприемништво и на тој начин поголемо учество на жените во бизнисот.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно економика на претпријатија и претприемништво, со давање на препораки за зголемување на мотивацијата и интерес на жените за претприемачки активности, а со тоа подобрување на позицијата на жените во бизнисот и општеството.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

5. Blazeska Daliborka, **Natasha Ristovska**, and Sashko Gramatnikovski. 2020. The impact of digital trends on marketing. *UTMS Journal of Economics* 11 (1): 48–58. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.11.No.1/UTMSJOE-2020-1101-5.THE_IMPACT_OF_DIGITAL_TRENDS_ON_MARKETING.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прелиминарна комуникација (preliminary communication)
- *Опсег на трудот:* 0,7 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO; ProQuest; C.I.R.E.T; DOAJ; EconBiz; Econis; EconLit; EconStor; EDRIC; EZB; Google Scholar; IDEAS; Index Copernicus International; Open J-Gate; RePEc; Socionet; ZBW.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС:* 5 бодови
- *JEL класификација:* M30, M13

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да го потенцира влијанието на дигиталните трендови во маркетингот. Анализирано е значењето на дигиталниот маркетинг како клучен фактор за успешно водење на бизнис во современи услови на функционирање, а особено за унапредување на процесите на промоција и продажба. Трендовите на глобалното ниво ја наметнуваат потребата од примена на нови начини за поврзување на компаниите со клиентите. Компаниите преку дигиталниот маркетинг ефикасно ги таргетираат своите клиенти и со нив градат долготрајни односи. Истражувањето е фокусирано на анализа на свесноста на македонските компании за влијанието на дигиталниот маркетинг врз успешноста на бизнисот на пазарот и потребата од промена на традиционалните начини на комуникација со клиентите со цел зголемување на конкурентноста.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека дигиталниот маркетинг овозможува двонасочна комуникација со клиентите. Врз основа на резултатите од истражувањето се препорачува компаниите да посветат внимание на дизајнирање и ефективна примена на дигитални стратегии за поефикасна комуникација со клиентите со цел остварување конкурентност и подобри резултати на пазарот.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно економика на претпријатијата, потенцирајќи го влијанието на дигиталните маркетинг стратегии за постигнување на деловен успех.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прелиминарна комуникација (preliminary communication).*

6. **Ristovska Natasha**, and Suzana Stankovska. 2019. Enhancing entrepreneurial skills of employees in the education process. *UTMS Journal of Economics* 10 (1): 109–123. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.%2010%20No.%201/UTMSJOE-2019-1001-09-Ristovska-Stankovska.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прелиминарна комуникација (preliminary communication)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO; ProQuest; C.I.R.E.T; DOAJ; EconBiz; Econis; EconLit; EconStor; EDRIC; EZB; Google Scholar; IDEAS; Index Copernicus International; Open J-Gate; RePEc; Socionet; ZBW.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС:* 5 бодови
- *JEL класификација:* M10, M20, I20

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да го елаборира претприемништвото во наставата, фокусирајќи се на претприемничкото учење, карактеристиките на современите наставници, иновативноста и креативноста во наставата и улогата на менаџментот во образовните институции. Мотивацијата и професионалниот развој на кадарот во образовните институции се анализирани како дел од современите менаџерски функции. Се истакнува дека креативноста и иновативноста на современиот наставник недвосмислено влијае и го поттикнува претприемачкиот дух и однесување на учениците. Во таа насока, се потенцира потребата од национална стратегија за

претприемничко учење, како и институционални политики, мерки и програми кои овозможуваат дизајнирање соодветна организациска култура која ќе ги поттикнува, поддржува и развива претприемачките вештини кај вработените во образовните институции во со цел да се обезбеди квалитетно образование во согласност со светските трендови и стандарди.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето со кои се докажува влијанието на претприемничките вештини на наставниците во креирањето и примената на современи методи на настава за создавање на конкурентна работна сила во согласност со потребите на пазарот.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно економика на претпријатијата и претприемништво, со препорака за современите организации да создадат систем за управување во функција на следење на потенцијалите и аутпутите на вработените и механизми кои ќе влијаат на нивната иницијатива за претприемништво.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прелиминарна комуникација (preliminary communication).*

7. Blazeska, Daliborka, and **Natasha Ristovska**. 2019. The use of social media as an effective tool for obtaining sustainable competitive advantage. *Business Management* 7 (2): 31–45. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://bm.uni-svishtov.bg/title.asp?title=1385
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (original scientific paper)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Објавен во:* a) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO, Google Scholar, Central and Eastern European Online Library, BASE.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* ISSN: 0861 6604-Print Edition; ISSN: 2534-8396-Electronic Edition
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС:* 5 бодови
- *JEL класификација:* M30

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да го потенцира влијанието на социјалните мрежи во остварување на ефективна комуникација со клиентите. Елаборирано е значењето на иновациите и креативните идеи во маркетинг кампањите на социјалните мрежи. Инвестицијата во маркетинг активности во социјалните мрежи не може да се смета како едноставен потфат, туку како управување со неколку цели: корисникот треба да го запознае

брендот, интеракцијата на корисникот со брендот и усното пренесување на пораката. Трудот се фокусира на анализата на социјалните мрежи и нивното влијание во насока на промовирање на двонасочна, односно интерактивна комуникација со потрошувачите. Истражувањето е фокусирано на апликацијата на современи и иновативни методи во областа на интернет маркетингот како клучни фактори за диференцијација и создавање конкурентска предност.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека компаниите генерално ги користат социјалните мрежи за воспоставување на ефикасна комуникација со таргет групата, но се препорачува да се базираат на креативноста и да користат иновации во онлајн маркетингот за долгорочните односи со клиентите и постигнувањето на одржлива конкурентска предност.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно економиката на претпријатија, со давање препораки за примена на иновациите во онлајн маркетингот и промоцијата на социјалните мрежи со цел издвојување од конкурентите на пазарот.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

8. **Ristovska Natasha,** Aleksandra Stoilkovska, and Ivona Ravlikj. 2017. The Influence of Foreign Direct Investment on the Economic Development. *UTMS Journal of Economics* 8 (2): 141–150. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.%208%20No.%202/UTMSJOE-2017-0802-08-Ristovska-Stoilkovska-Ravlikj.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,7 a.a.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO; ProQuest; C.I.R.E.T; DOAJ; EconBiz; Econis; EconLit; EconStor; EDRIC; EZB; Google Scholar; IDEAS; Index Copernicus International; Open J-Gate; RePEc; Socionet; ZBW.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС:* 5 бодови
- *JEL класификација:* M160

*Опис на трудот*

Целта на овој труд е да го анализира влијанието на странските инвестиции врз развојот на економијата во земјата домаќин, преку трансфер на капитал, технологија и практики на управување. Покрај тоа, тие придонесуваат за подобрување на бизнисот активностите на домашните компании, како и на развојот на човечките ресурси во земјата во која имаат инвестирано. Во трудот се елаборираат придобивките од условите за инвестициите во Република Македонија. Истражувањето е фокусирано на странски компании кои реализирале инвестиции во земјата, со цел да се разберат нивните ставови за условите за инвестирање во локалната економија. Трудот има за цел да ја демонстрира и улогата на државата во промовирањето на поволните услови за инвестирање. Се потенцира потребата од привлекување странски инвеститори со што би се овозможило зголемување на конкурентноста на домашните производи, унапредување на перформансите на домашните компании и подобрување на пазарот на трудот.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои ги идентификуваат клучните аспекти на повилната бизнис клима потенцирани од странските инвеститори кои оствариле влез на македонскиот пазар и тоа едноставните административни процедури, даночните олеснувања, ефтината работна сила и соработката со домашните компании.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно економиката на претпријатија и применета економија, потенцирајќи ја потребата од создавање услови за привлекување странски директни инвестиции во напорите за унапредување на локалната економија со оглед на нивните позитивни ефекти за развој на домашните компании.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

9. Ilieva Jana, **Natasha Ristovska**, and Saso Kozuharov. 2017. Banking without Interest. *UTMS Journal of Economics* 8 (2): 131–139. (EBSCO)

- *Достапност на трудот:* https://utmsjoe.mk/files/Vol.%208%20No.%202/UTMSJOE-2017-0802-07-Ilieva-Ristovska-Kozuharov.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Опсег на трудот:* 0,6 а.а.
- *Објавен во:* а) Списание со меѓународен уредувачки одбор, меѓународни рецензенти, b) индексирано во бази на податоци EBSCO; ProQuest; C.I.R.E.T; DOAJ; EconBiz; Econis; EconLit; EconStor; EDRIC; EZB; Google Scholar; IDEAS; Index Copernicus International; Open J-Gate; RePEc; Socionet; ZBW.
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Трудот е каталошки евидентиран:* Print ISSN: 1857-6974, e-ISSN: 1857-6982
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%

- *Бодови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС:* 5 бодови
- *JEL класификација:* G20, K22, K33

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да ги прикаже принципите на исламското банкарство. Последните години, глобалната свест за исламските финансии е зголемена. Оваа тема станува актуелна како резултат на големата финансиска криза која најмногу го погоди банкарскиот систем и финансиските пазари и предизвика многу стечајци и државни интервенции. Детално се разработуваат апсолутната забрана за примање и давање камата (Riba) и парадигмите за споделување на добивката и загубата (PLS); кои првенствено се засноваат на концептите мудараба (поделба на профит) и мусјарака (заедничко вложување) кои во денешно време стануваат прифатен начин на водење бизнис во неколку западни мултинационални банки. Направена е споредба на предностите на исламското наспроти конвенционалното банкарство. Се нагласува потребата од поприфатлива средина и регулаторна рамка, за да може да се обезбеди развој на исламското банкарство.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето кои покажуваат дека исламските финансиски технолошки решенија се созреани, а исламското банкарство ќе продолжи да расте по големина и сложеност што може да претставува предизвик за надлежните органи и централните банки, но постојната рамка на исламското банкарство содржи празнини кои треба да се пополнат и регулираат со цел стабилен понатамошен развој.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно применета економија, потенцирајќи ја примената на концептите на исламските финансии како прифатлив начин на водење бизнис и нивните позитивни ефекти, како што е споделување на ризикот, подобрување на врската помеѓу финансискиот сектор и реалната економија, зголемување на финансиската вклученост и социјалната благосостојба.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

## б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

1. **Ristovska, Natasha** and Daliborka Blazheska. 2020. “The impact of emotional intelligence skills to entrepreneurial business success”. In *Proceedings of the 7th International Congress for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2020: "Alternative paths for development of emerging economies in global business environment", Skopje, Republic of Macedonia, 11 of November 2020, 311–327.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/2020/Zbornik_2020.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* оригинален научен труд (original scientific paper).
- *Опсег на трудот:* 1 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС:* 2 бодови
- *JEL класификација:* M13, L26

*Опис на трудот*
Овој труд претставува детална анализа на деловните лидери кои имаат претприемачки улоги во процесот на донесување одлуки. Како претприемачи, тие се карактеризираат со високо ниво на креативност, иновативност, спсообност за преземање ризици, но исто така и со високо ниво на емоционална интелигенција која може да биде исклучително корисна во деловните активности. Вештините на емоционална интелигенција им овозожуваат на менаџерите подобро разбирање на потребите, чувствата и ситуаците во секојдневното деловно работење. Претприемачите со висока емоционална интелигенција можат ефикасно да создадат производ или услуга кој ќе одговара на потребите и очекувањата на целните купувачи, но способни се да градат и квалитетни меѓучовечки односи и да ја подобруваат мотивацијата на вработените. Целта на овој труд е да го елаборира влијанието на вештините на емоционална интелегинеција претприемачкиот успех.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставуваат резултати од истражувањето и анализата кои ја потврдуваат поврзаноста помеѓу емоционалната интелигенција на деловните лидери и нивните перформанси, а со тоа обезбедува насоки за равој и надградување на вештините на емоционалната интелегенција и нивна примена во насока на остварување на подобри финансиски резултати на компаниите.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко разбирање на проблематиката на економика на претпријатија, потензирајќи го значењето на примена на емоционалната интелегенција од страна на претприемачките лидери во функција на постигнување деловен успех на пазарот.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како оригинален научен труд (original scientific paper).*

2. Blazeska, Daliborka, **Natasha Ristovska**, and Angela Milenkovska Klimoska. 2020. “The impact of Integrated Marketing Communication on Customers Behavior”. In *Proceedings of the 7$^{th}$ International Congress for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2020: "Alternative paths for development of emerging economies in global business*

*environment", Skopje, Republic of Macedonia, 11 of November 2020, 402–412.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/2020/Zbornik_2020.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* професионален труд (professional paper)
- *Опсег на трудот:* 0,7 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33%
- *Бодови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС:* 2 бодови
- *JEL класификација:* M30, M13

*Опис на трудот*
Целта на трудот е да обезбеди детална елаборација на интегрираните маркетинг комуникации како клучен елемент во напорите на современите компании да градат долгорочни односи со потрошувачите. Интегрираните маркетинг комуникации се основа за зголемување на конкурентноста на компаниите кои треба задолжително да користат иновативни методи за воспоставување на квалитетни комуникациски односи со потрошувачите на подолг период. Посебно внимание во истражувањето е посветено на свесноста на македонските компании за влијанието на интегрираните маркетинг комуникации врз однесувањето на потрошувачите. Со истражувањето се потврдува потребата на компаниите од координиран пристап на употреба на поголем број различни алатки за комуникација со потрошувачите.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот се состои во добиените резултати од истражувањето кои претставуваат препорака и насоки за компаниите да применуваат комбинација на елементите на интегрираните маркетинг комуникации за остварување на долгорочна комуникација со потрошувачите, а со тоа и успех на пазарот.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 33% и се состои во неговото теоретско и методолошко познавање на економика на претпријатија, потенцирајќи го значењето на планирање и имплементирање на програма базирана на комбинирани форми за успешна и одржлива комуникација со потрошувачите.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како професионален труд (professional paper).*

3. **Ristovska, Natasha,** and Suzana Stankovska. 2018. “Enhancing entrepreneurial skills of employees in the education process”. In *Proceedings of the 6th Biennial International Scientific Congress for Business, Economy, Sport and Tourism - ICON BEST 2018: "Global education, skills and competencies: How to deliver high quality business education in accordance with the market nee", Skopje, Republic of Macedonia, 15-16 of October 2018, 434–454.* Skopje: University of Tourism and Management in Skopje.

- *Достапност на трудот:* https://iconbest.utms.edu.mk/images/Zbornici/Abstract_book.pdf
- *Вид на трудот (категорија):* прелиминарна комуникација (preliminary communication)
- *Опсег на трудот:* 1,3 а.а
- *Јазик на кој е напишан трудот:* Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50%
- *Бодови според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС:* 2 бодови
- *JEL класификација:* M10, M20, I20

*Опис на трудот*
Целта на овој труд е да го елаборира претприемништвото во наставата, фокусирајќи се на претприемничкото учење, карактеристиките на современите наставници, иновативноста и креативноста во наставата и улогата на менаџментот во образовните институции. Мотивацијата и професионалниот развој на кадарот во образовните институции се анализирани како дел од современите менаџерски функции. Се истакнува дека креативноста и иновативноста на современиот наставник недвосмислено влијае и го поттикнува претприемачкиот дух и однесување на учениците. Во таа насока, се потенцира потребата од национална стратегија за претприемничко учење, како и институционални политики, мерки и програми кои овозможуваат дизајнирање соодветна организациска култура која ќе ги поттикнува, поддржува и развива претприемачките вештини кај вработените во образовните институции во со цел да се обезбеди квалитетно образование во согласност со светските трендови и стандарди.

*Научен придонес на трудот*
Научниот придонес на трудот претставуваат резултатите од истражувањето со кои се докажува влијанието на претприемничките вештини на наставниците во креирањето и примената на современи методи на настава за создавање на конкурентна работна сила во согласност со потребите на пазарот.

*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 50% и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на предметот на истражување односно економика на претпријатијата и претприемништво, со препорака за современите организации да создадат систем за управување во функција на следење на потенцијалите и аутпутите на вработените и механизми кои ќе влијаат на нивната иницијатива за претприемништво.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на странските рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прелиминарна комуникација (preliminary communication).*

## 2.2.4. Учество во научни проекти

## 2.2.4.1. После избор во звање доцент

1. Кандидатот, доц. д-р Наташа Ристовска, била координатор на научно-истражувачки проект со наслов: „Ефектите од деловната соработка помеѓу СДИ и МСП во Република Македонија".

Проектот бил инициран и реализиран од Факултетот за претприемачки бизнис, а поддржан од Универзитетот за туризам и менаџмент. Се спроведувал во временски период од 6 месеци почнувајќи од декември 2016 година. Истражувањето било реализирано во мали и средни претпријатија на територијата на Република Македонија. Примерокот на истражување бил определен согласно базата на регистрани мали и средни претпријатија на територијата на Република Македонија. Како техники биле користени анкетирање и интервјуирање, за што наменски бил изработен анкетен прашалник и протокол за насочено интервју. Истражувањето било спроведено од студентите на Факултетот за претприемачки бизнис под раководство на наставниот кадар (професори и асистенти).

Врз основа на резултатите од реализираниот научно-истражувачки проект се потврдени главните цели на проектот:

- Направена е оценка на тековните услови за стратегиско поврзување на МСП со мултинационалните претпријатија во синџирот на снабдување,
- Утврдени се можностите за создавање на поконкурентен сектор на МСП преку искористување на потенцијалите за развој на соработката,
- Детерминирани се бенефитите од поврзување на СДИ и МСП,
- Обезбедени се насоки и препораки за креаторите на националните развојни политики за максимално зајакнување и диверзифицирање на секторот на МСП и интегрирање на македонските МСП во глобалниот синџир на снабдување.

2. Кандидатот, доц. д-р Наташа Ристовска, учествувала во проектот „Креирање можности за вработување за сите – бизнис дијагностика на ММСП".

Проектот „Креирање можности за вработување за сите - бизнис дијагностика на ММСП", бил реализиран од БАСМЕ Консалтинг и Тренинг, а поддржан од УНДП во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување се спроведувал во периодот од септември 2016 – март 2017 година. Со проектот биле опфатени 20 микро, мали и средни претпријатија. Основната цел на проектот била да се направи анализа на способноста на фирмите за експанзија на пазарот, нови вработувања и инвестирање во опрема, преку доделување на грант од страна на УНДП.

Проектот се спроведувал во три фази:

- Подготовка на алатки за бизнис дијагностика: (прашалник, методологија за анализа и други алатки за финансиска анализа и проекција), како и подготовка на модел за оценка на фирмите за финансирање.
- Посета на фирми и интервју на менаџерите за состојбите и плановите во фирмите.

- Анализа на податоците и подготовка на детален извештај за состојбите и перспективите на фирмите.
- Оценка на способноста на фирмите за финансирање.

Во рамки на проектот доц. д-р Наташа Ристовска работела како експерт за претприемништво и менаџмент, работела на дефинирање и развивање на методологија на бизнис дијагностика, развивање на прашалници, анализа на резултатите од дијагностиката и оценување и рангирање на фирмите за доделување на грант од страна на УНДП.

3. Кандидатот, доц. д-р Наташа Ристовска, учествувала во проектот „Преку младинско претприемништво до рурален развој“.

Проектот бил поддржан од Владата на Република Македонија, а се спроведувал во периодот од јануари 2016 до јуни 2016 година, со учесници од 4 општини од Североисточниот плански регион (Куманово, Ранковце, Кратово и Старо Нагоричане). Основната цел на проектот била да се мотивираат младите да го искористат потенцијалот на регионот преку отварање на сопствен бизнис.

Во рамки на проектот кандидатот работела како експерт за претприемништво и реализирала обука на тема: „Претприемачки вештини и бизнис планирање“. Нејзината работа, како предавач на обуката, придонела кон надградување на знаењето на учесниците од областа на претприемништвото, поттикнување на нивниот претприемачки дух, зголемување на самодовербата и мотивацијата за развивање на сопствени бизнис идеи. Во рамките на обуката кандидатот практично ги насочувала учесниците во целосна разработка на две тимски бизнис идеи и изработка на конкретни бизнис планови. Во рамките на проектот кандидатот учествувала и во изработка на брошура издадена од Здружението на граѓани „Доверба“ од Куманово.

## 2.2.4.2. После избор во звање вонреден професор

1. Кандидатот, проф. д-р Наташа Ристовска, е проектен менаџер на научно-истражувачки проект H2020 Ploutos (Октомври 2020-Септември 2023)

Проектот Ploutos (Data-driven sustainable agri-food value chains) насловен како „ Одржливо земјоделство и синџири на вредности за храна базирани на податоци” е финансиран од Европската Унија преку програмата за истражување и иновации H2020, со времетраење од 3 години (2020-2023). Во реализацијата на проектот се вклучени 33 организации од 13 Европски земји, а главен координатор е GAIA EPICHEIREIN, Athens, Greece.

Проектот има за цел да обезбеди Рамка за одржливи иновации, а во насока на развој и унапредување на земјоделството, производството и дистрибуцијата на храна. Имплементацијата на проектот подразбира спроведување на 11 Одржливи иновативни пилоти во неколку региони во Европа. Секој пилот има фокус на одреден сегмент од ланецот на вредности во земјоделството и индустријата за храна, но заедничката цел е промоција и унапредување на процесите преку собирање и обработка на големи количини на различни податоци. Одржливиот иновативен пилот 9 во Србија и С. Македонија рамките на проектот има за цел развој на дигитална платформа

(FoodSHare) преку која се овозможува поврзување на потенцијалните донатори (земјоделски и индустриски производители, дистрибутери, малопродажба) и приматели на храна (хуманитарни и невладини организации, народни кујни) и воспоставување на долгорочна и одржлива инфраструктура за полесна комуникација помеѓу донаторите и примателите на храна. Оваа платформа ги автоматизира и дигитализира процесите на пренасочување на вишокот храна и има клучна улога во намалување на отпадот од храна. Платформа за Зелен Развој Скопје е партнер во спроведување на Балканскиот пилот во Србија и С. Македонија заедно со FoodScaleHub од Србија како пилот лидер.

Во рамки на проектот, проф. д-р Наташа Ристовска е ангажирана како проектен менаџер за Платформа за Зелен Развој, кој ги координира и организира пилот активностите во Македонија поврзани со развој, лансирање и одржување на платформата за донација на храна. Учествува на проектни состаноци, состаноци поврзани со работните пакети, тренинзи поврзани со пилотот и други работни групи. Спроведува истражувања и анализи, остварува комуникација со релевантни стејкхолдери за реализација на пилот активностите, подготовува периодични и официјални извештаи, задолжена е за проектните финансии и проектната администрација.

2. Кандидатот, проф. д-р Наташа Ристовска, е проектен менаџер на научно-истражувачки проект H2020 Cities2030 (Октомври 2020-Септември 2024)

Проектот Cities2030 (Co-creating resIlient and susTaInable food systEms towardS FOOD2030) насловен како „Ко-креирање на стабилни и одржливи системи на храна во согласност со FOOD2030“ со траење од 4 години (2020-2024) е финансиран од Европската Унија преку програмата за истражување и иновации Хоризонт 2020. Конзорциумот на проектот е составен од 41 партнер од 19 европски земји, а дел од партнерите се и македонската компанија АгФутура Технологии, како и македонското здружение Платформа за зелен развој. Главен координатор на проектот е Ca' Foscari University of Venice, Italy.

Главната цел на проектот CITIES2030 е да создаде урбани системи за храна и екосистеми адаптирани на претстојните предизвици каде централно место ќе има човекот. Проектот CIITES2030 ќе ги обедини истражувачите, претприемачите, лидерите на граѓанското општество и сите чинители на урбаните системи за храна и екосистемите, кои заедно ќе работат во насока на трансформација и преструктуирање на начинот на производство, транспорт, снабдување, рециклирање и повторна употреба на храната во 21 век. Како очекувани придобивки за градовите од активностите во рамки на проектот се намалување на отпадот од храна, обезбедување пристојни можности за егзистенција и безбедна храна за сите и промовирање одржливи начини на производство на храна. Визијата на CITIES2030 е да ги поврзе кратките синџири за снабдување со храна, градовите и регионите, потрошувачите, како и  стратешките партнери во индустријата, граѓанското општество, стартап компаниите, малите и средните претпријатија, иноваторите, водечките универзитети и истражувачките центри преку создавање и користење на една дигиталната платформа за управување со урбани системи за храна и екосистеми базирана на блокчеин технологија.

Во рамки на проектот, проф. д-р Наташа Ристовска е ангажирана како проектен

менаџер за Платформа за Зелен Развој, кој врши организација на проектните активности поврзани со креирање на база на стејкхолдери од Македонија од индустријата за храна, истражувачи и креатори на политики како дел од Алијансата на проектот. Спроведува истражувања и активности за поддршка и соработка со Cities2030 Labs (living and policy labs) поврзани со изработка на студии (whitepapers) ситуациски анализи, анализа на постојни политики, развој на акциски планови и водење на дијалози заради размена на мислења и искуства во врска со одржливите системи за храна. Учествува на редовните проектни состаноци, состаноци и работни групи поврзани со работните пакети, подготовува периодични извештаи, задолжена е за проектните финансии и целосната проектна администрација.

3. Кандидатот, проф. д-р Наташа Ристовска, е проектен менаџер на научно-истражувачки проект H2020 Polirural (Јуни 2019-Септември 2020)

Проектот Polirural (Future Oriented Collaborative Policy Development for Rural Areas and People) насловен како „Колаборативна политика за рурален развој" е финансиран од Европската Унија преку програмата за истражување и иновации H2020, со времетраење од 3 години (2019-2022). Конзорциумот на проектот е составен од 37 партнери од 14 земји, а главен координатор е Czech University of Life Sciences Prague.

Клучната цел на Полирурал проектот е да поттикне развој на руралната политика, да понуди сигурно и транспарентно решение за руралниот развој преку вклучување на сите засегнати страни (земјоделци, експерти, носители на одлуки) во насока на креирање попривлечни и подостапни руралните области за постојното население и потенцијалното ново рурално население. Полирурал има за цел да обезбеди инклузивно опкружување за размена на знаења и искуства каде руралното население, истражувачите и креаторите на политики се здружуваат за решавање на заедничките проблеми. Преку квалитативни и квантитативни пристапи на истражување проектот ќе обезбеди евалуација на ефективноста на постојните мерки и политики за рурален развој и ќе понуди иновативни предлози за стимулација на руралната политика со изработка на студија за предвидување која ќе ја инкорпорира развојната траекторија на земјоделството и останатите поврзани сектори до 2040 година, користејќи различни сценарија во кои еволуцијата на руралното население зазема централно место. Врз основа на овие активности од Полирирал ќе произлезат препораки кои ќе им овозможат на носителите на одлуки на различни нивоа да бидат подготвени за справување со постојните и идните предизвици во однос на развојот на руралните средини. Во рамки на проектот се спроведуваат 12 пилоти во различни региони во Европа, а пилотот 11, регион Гевгелија-Струмица, се реализира во Р.С.Македонија од АгФутура Технологии, како пилот-лидер и организацијата Платформа за зелен развој, како пилот-партнер.

Во рамки на проектот, проф. д-р Наташа Ристовска е ангажирана како проектен менаџер за Платформа за Зелен Развој, врши организација и мониторинг на проектните активности во Македонија, реализира целосна проектна администрација и проектен финансиски менаџмент. Спроведува истражувања (анкетирање, интервјуа), анализи (SWOT анализа, STEEPV анализа, Needs analiza, Deep Dive анализа) и примена на Foresight пристап и SDM моделирање со сценарио планирање во пилот активностите во Македонија во насока на креирање предлог акциски план (политики и мерки) за зголемување на атрактивноста на руралните средини. Учествува на официјални

проектни состаноци и други проектни вебинари, настани и тренинзи во работните пакети и групи, подготовува периодични извештаи.

4. Кандидатот, проф. д-р Наташа Ристовска, учествува како консултант на научно-истражувачки проект H2020 B-ferst (Април 2021-Јануари 2024)

Проектот B-ferst е насловен „Био-базирани продукти за ѓубрење како најдобра практика за оддржливо управување со земјоделството", со траење од 5 години (2019-2024) и е финансиран од Европската Унија преку програмата за истражување и иновации Хоризонт 2020. Конзорциумот на проектот е составен од 12 партнери од 7 европски земји, а дел од партнерите е и македонската компанија АгФутура Технологии. Главен координатор на проектот е Fertiberia, Spain.

Главна тема на проектот е производство на биопестициди или био-базирани ѓубрива како компоненти на идните планови за одржливо управување со земјоделството. Главната цел на проектите е да се интегрира валоризацијата на био-отпадот во плановите за управување со земјоделството, со што се создаваат нови циркуларни и био-базирани вредносни синџири со оглед на билатералната интеракција помеѓу секторите земјоделство и производство на ѓубрива насочена кон промена на парадигмата во вредносниот синџир на ѓубрива со 8 специјализирани ѓубрива. Одржливоста на Б-ФЕРТС се заснова на повторна употреба на био-отпад за замена на необновливи, не-домашни и енергетски интензивни суровини: Био-базирани цврсти ѓубрива, вклучувајќи обновливи извори на макронутриенти (N, P, K); и Биостимуланси за подобрување на хранливите материи во почвата. Одржливоста на проектот се заснова на претходните R&D од други RIA проекти. Процесот на производство ќе се демонстрира на ниво на индустриска демонстрација.

Во рамки на проектот, проф. д-р Наташа Ристовска е ангажирана како консултант за применета економија во земјоделството и експерт за истражување на пазарот од страна на АгФутура Технологии. Учествува во спроведување на анализа на влијанието на био-базирани производи и нивната цена во однесувањето на побарувачката и разбирање на промените во бизнис моделот врз основа на овие променливи. Вклучена во активности за развој на конкурентни бизнис модели за новите производи на B-ferst проектот, поддржани со длабинска анализа на индустријата и силен логистички концепт, изработка на студија за бизнис модели за технолошки решенија во доменот на вештачко ѓубриво, како и за инвестициските модели за мапирање на можностите за раст на пилотираните производи. Учествува во подготовка на мерки и препораки кои ќе овозможат раст на бизнисот на тестираните проектни технологии.

5. Кандидатот, проф. д-р Наташа Ристовска, учествувала во проект на УНДП Македонија (Јануари 2019-Јануари 2021)

Во рамките на проектот, проф. д-р Наташа Ристовска е ангажирана од Ивоте Фондација, Скопје како бизнис ментор согласно договорот бр.01-2019 со УНДП Македонија за менторирање на компании основани во 2017 и 2018 како дел од програмата за самовработување од Вардарскиот регион. Во рамките на проектот учествува на обука од страна на овластен тренер од УНДП и се стекнува со сертификат за бизнис ментор. Како ментор спроведува комуникација и менторирање на компаниите (10) доделени од страна на тим лидерот на проектот во период од јануари

2019 до јануари 2021 година со 10 менторски часови месечно. Менторирањето го врши лично и виртуелно со минимум една средба месечно со секоја компанија. Месечно подготвува извештај за текот на спроведените активности со секоја компанија. Целта на менторирањето на малите бизниси основани преку програма на УНДП е да се обезбеди потребната помош и поддршка во почетниот период преку континуирана комуникација и советување заради оддржлив развој и напредок на бизнисот.

6. Кандидатот, проф. д-р Наташа Ристовска, учествувала во проектот “Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ” (Февруари-Септември 2018)

Проектот “Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ” е финансиран од ЕУ, а го спроведуваат МЗЗПР, ССМ и ОРМ.

Во рамките на проектот, проф. д-р Наташа Ристовска е ангажирана како консултатнт преку Македонско здружение за заштита при работа (МЗЗПР) за подготовка на анализа на институционалните капацитети (организациски и застапувачки вештини) и обезбедување на консултативна поддршка за 3 локални граѓански организации (Сојуз на синдикати на Македонија, Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, и Заедница на заштитни друштва на Македонија ЗАПОВИМ – Скопје). Активностите се спроведуваа во две фази. Во контекст на првата предвидена активност врз основа на секундарни информации се направи генерална проценка на работењето на граѓански организации и се изготви анкетен прашалник со соодветно дизајнирани прашања поделени по клучни функциски подрачја со цел детектирање на предностите и недостатоците на нивните организациски капацитети. Врз основа на пополнетите прашалници и добиените одговори од испитаниците, се изготви квантитативна анализа за институционалните капацитети на овие 3 локални граѓански организации. Во контекст на втората предвидена активност врз основа на резултатите од спроведеното емпириско истражување и утврдените потреби за понатамошен развој на секоја од граѓанските организации поединечно, се изготви соодветен нацрт стратешки документ, план, процедура или програма која ќе им овозможи насоки за зајакнување на капацитетите и успешно остварување на целите. Потоа се оствариja консултативни средби со претставниците од граѓанските организации заради обезбедување на соодветни услови и насоки за успешно спроведување на плановите и програмите.

## 2.3. Оценка на севкупната научна дејност

Научниот придонес и објавените научни трудови на кандидатот ја потврдуваат нејзината повеќегодишна активна научна дејност, и ја афирмираат д-р Наташа Ристовска како признат научник.

Научниот и истражувачкиот опус на кандидатот, проф. д-р Наташа Ристовска, опфаќа 12 научни трудови, од кои 9 се во категорија а1, со оглед на тоа што се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки

одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од releватните библиографски бази на податоци, а освен тоа, објавила и 3 трудови од категорија а2, со оглед на тоа што се објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции.

Анализираните научни трудови на кандидатот посветени се на научни истражувања и изучување на проблематики од подрачјето на економските науки, област применета економија, економика на претпријатија и друго.

Кандидатот е вклучен и во 4 меѓународни научно-истражувачки проекти каде спроведува научни истражувања и анализи како дел од меѓународен тим на истражувачи.

Кандидатот во својата научно-истражувачка работа покажала способност за критичко размислување и интерпретација на научни сознанија од други автори, способност за примена на научни методи, споредување на теоретски сознанија, изведување на сопствени валидни заклучоци, како и надградување или продлабочување на постојните сознанија со што со своите трудови дава значаен научен придонес во областа на применета економија, економика на претпријатија и друго, за која се предлага во наставно-научно звање. Д-р Наташа Ристовска успешно ги користи современите научно-истражувачки методи и ги прилагодува на предметот на истражување. Врз основа на досегашните светски и домашни научни достигнувања, правилно го нагласува нивниот научен придонес, ги прилагодува и ги надградува со свои истражувачки научни сознанија и на тој начин значително придонесува за теоретските знаења од областа на применета економија, економика на претпријатија и друго.

Д-р Наташа Ристовска поседува систематски и аналитички пристап кон проблемот на истражувањето, доследно ја применува научно-истражувачката методологија и се обидува да го презентира специфичното подрачје на проблематика кое го изучува на научно соодветен начин, користејќи релеванти домашни и странски библиографиски извори.

Анализирајќи и оценувајќи ја научно-истражувачката дејност на кандидатот, може да се заклучи дека д-р Наташа Ристовска е квалификувана со соодветни научни методи квалитетно да обработува актуелни теми од областа на применета економија, економика на претпријатија и друго. Кандидатот континуирано ја следи современата домашна и странска научна и стручна литература од доменот на научната проблематика која ја истражува. Во своите трудови покажува дека добро ги владее методите на научни истражувања, дека ја владее материјата од научното подрачје кое го истражува, дека критички интерпретира научни сознанија на други автори, како и дека на соодветен научно-истражувачки начин, не само што ги проширува и продлабочува постојните сознанија, туку и дава нов придонес во научното подрачје за кое се избира.
Во вкупната оценка на научната дејност на кандидатот, се потенцира следното:

- Кандидатот е ***15 години активна во научно-истражувачката работа;***
- Изработила и одбранила докторска дисертација;
- Објавила вкупно ***9 научни трудови од категорија а1*** — во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и се застапени во една од releватните библиографски

бази на податоци, реферирани за подрачјето на општествените науки (**EBSCO** – 9 трудови);

- Во зборници на трудови ***категорија на трудови а2,*** објавила вкупно ***3 трудови,*** и активно учествувала на две меѓународни научни конференции, со што покажала дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава, резултатите од сопствените концептуални и емпириски истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови, предлози и препораки за унапредување на применетата економија во доменот на економика на претпријатија и економска пракса.
- Сите вреднувани и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје на општествени науки и научното поле на економија;
- Учествувала како тим лидер и консултант на ***4 научно-истражувачки проекти*** финансирани од Европската Унија преку програмата за истражување и иновации H2020.

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на проф. д-р Наташа Ристовска по својот оспег, квалитет и научен придонес, значајно ја збогатуваат економската наука, а особено областа на применета економија, економика на претпријатија и друго. Исто така, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот, проф. д-р Наташа Ристовска, е активен истражувач и со својата научна работа значајно ги унапредила научните сознанија во научното подрачје за кое бара избор во наставно-научно звање, како и дека нејзините научни трудови и научен придонес ја афирмираат како научник во подрачјето на општествените науки, полето на економија, област на применета економија, економика на претпријатија и друго.

Оценувајќи ја научната дејност на кандидатот, очигледно е дека кандидатт ги задоволува потребните критериуми. Според тоа, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатот проф. д-р Наташа Ристовска во <u>целост е квалификувана за избор во наставно-научно звање</u> редовен професор за научно-истражувачко подрачје *Општествени науки*, научно-истражувачко поле *Економски науки*, област *Применета економија* (50302), *Економика на претпријатија* (50323) и *Друго* (50329), во согласност со условите дефинирани во Член 166 Став 3 од Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 82/2018).

# 3. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

## 3.1. Наставна дејност

Кандидатот, во 2006 година е избрана во соработничко звање помлад асистент на Европскиот универзитет Република Македонија, а во 2008 година во соработничко звање асистент од областа на Менаџмент на Факултетот за економски науки, со реизбор во 2011 година. Изведувала настава по предметите менаџерска економија, деловно планирање, меѓународен менаџмент и меѓународна трговија.

На 4 јули 2012 година (со одлука бр. 02-1096/1) е избрана за наставник во наставно-научно звање доцент по група предмети од наставно-научната област менаџмент на Факултетот за економски науки на ЕУРМ.
Била ангажиран во наставата на првиот и вториот циклус на студии и тоа:

- Ангажираност во настава на прв циклус на студии на предметите: Меѓународен менаџмент; Монетарна економија.
- Ангажираност во настава на втор циклус на студии на предметите: Теорија на одлучување; Менаџмент на информациони системи; Фискален систем и фискална политика на ЕУ; Светски пазар и економски интеграции: Стратегии на меѓународни економски односи.

На 13 мај 2013 година (со одлука бр.02-77/1) е избрана во наставно-научно звање доцент по група предмети од областа на економските дисциплини на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
Била ангажиран во наставата на првиот и вториот циклус на студии и тоа:

- Ангажираност во настава на прв циклус на студии на предметите: Менаџмент, Претприемаштво и мал бизнис, Трговски менаџмент, Иновациски менаџмент, Стратегиски менаџмент, Деловно планирање, Глобализација и бизнис, Технолошко претприемаштво, Монетарна економија, Меѓународна економија, Финансиски систем и фискална економија;
- Ангажираност во настава на втор циклус на студии на предметите: Современ менаџмент, Иновации и претприемаштво, Даночен менаџмент, Меѓународен менаџмент, Оперативен менаџмент и Фискална теорија и политика.

На 4 Октомври 2017 година (со одлука бр. 02-234/1) е избрана во наставно-научно звање вонреден професор за научно-истражувачко подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки, област Применета економија (50302), Економика на претпријатија (50323) и Друго (50329).
Била ангажиран во наставата на првиот и вториот циклус на студии и тоа:

- Ангажираност во настава на прв циклус на студии на предметите: Менаџмент, Претприемаштво и мал бизнис, Иновациски менаџмент, Стратегиски менаџмент, Глобализација и бизнис, Технолошко претприемаштво;
- Ангажираност во настава на втор циклус на студии на предметите: Современ менаџмент, Иновации и претприемаштво, Меѓународен менаџмент, Оперативен менаџмент.

Во однос на образовната дејност, целовремено активно учествувала во наставните тимови на предметите од областа на економијата и менаџментот. Совесно и квалитетно ги извршувала своите работни задачи кои се однесуваат на подготовка и одржување на настава, консултации со студентите за дипломски, магистерски, семинарски и стручни трудови, како и подготовка и спроведување на колоквиумите и испитите по наведените предмети.

Кандидатот континуирано учествува во иновирањето на предметните и студиските програми. Исто така, во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот учествувала во комисии за одбрана на дипломски трудови и магистерски трудови, била ментор на кандидати во изработка на дипломски и магистерски трудови и ментор на соработници-асистенти во нивниот наставно-научен развој.

## а) Поглавја во книги (а2)

1. Андрески, Бојо, **Наташа Ристовска**, и Аземина Машовиќ. 2009. *Меѓународен менаџмент*. Скопје: Европски Универзитет РМ.

- *Книгата е каталошки евидентирана:* Print ISBN 978-608-4574-08-8
- *Книгата го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишана книгата:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 33% (8 а.а.)

*Опис на трудот*
Книгата е објавена на македонски јазик, на вкупно 366 страни, а се состои од три делови и вкупно 14 поглавја: Дел 1 Основни концепти на меѓународниот менаџмент, со 4 поглавја (Глава 1 Глобализација и светските економски трендови, Глава 2 Функции на менаџментот во меѓународното работење, Глава 3 Теории за меѓународна трговија, и Глава 4 Интернационализација на компаниите); Дел 2 Карактеристики на меѓународното работење, со 5 глави (Глава 5 Анализа на меѓународното деловно окружување, Глава 6 Формулирање на меѓународна стратегија, Глава 7 Организација на меѓународниот бизнис, Глава 8 Културните разлики во меѓународниот бизнис, Глава 9 Лидерство и мотивација во меѓународен контекст); Дел 3 Функционални аспекти на меѓународното управување, со 5 глави (Глава 10 Меѓународен производствен менаџмент, Глава 11 Глобален маркетинг, Глава 12 Меѓународен менаџмент на човечки ресурси, Глава 13 Меѓународен менаџмент на информациони системи, Глава 14 Глобален финансиски менаџмент).

Книгата има вкупно 22 илустрација, од кои 9 табели, 10 слики и 3 графици, а користени се 79 библиографски единици.

Книгата се фокусира на стратегиските, функционалните и мултикултурните аспекти на управување со меѓународното работење. Целта е да се утврдат познавањата за основите на менаџментот и да се прошират во контекст на меѓународни рамки на функционирање на менаџментот.

Во книгата се разработени оделните аспекти на меѓународниот менаџмент во три дела. Првично е направен осврт на глобализацијата и светските економски трендови, факторите на глобализацијата и глобалните институции. Покрај ова во рамките на привот дел се согледани основните функциите на менаџментот во меѓународното работење, теориите за меѓународна трговија и интернационализацијата на компаниите. Во вториот дел подетално се навлегува во областа на меѓународниот менаџмент, со посебен осврт на анализата на меѓународното деловно окружување, формулирање на меѓународната стратегија, организацијата на меѓународниот бизнис, како и лидерството и мотивацијата во меѓународниот контекст. На крај, во последниот трет дел, обработени се меѓународните деловни функции, меѓународен производствен менаџмент, глобален маркетинг, меѓународен менаџмент на човечки ресурси, меѓународен менаџмент на инфорамциони системи и глобалниот финансиски менаџмент.

*Стручен придонес на трудот*

Книгата претставува оргинално и комплексно дело и ги обработува сите аспекти од работењето на мултинационалните компании, и овозможува студентите кои ја применуваат во наставата да го стекнат потребното знаења за примена на меѓународниот менаџментот во конкретни ситуации. *Книгата е наменета за студенти на Факултетот за економски науки.* Материјалот се фокусира на стратегиските, функционалните и мултикултурните аспекти на управување со меѓународниот бизнис. Целта е студентите да се запознаат со концепцијата, принципите, стратегијата и вештините за управување со меѓународните деловни операции. Домашните пазарни, деловни и технички стандарди не можат да бидат определувачки, туку мораат да се изведуваат од меѓународните стандарди, ориентации и трендови. Оттука, стимулирањето и развојот на меѓународно ориентираниот менаџмент во нашето општество е неопходно. Се наоѓаме во период кога меѓузависноста и интерактивниот однос помеѓу меѓународните деловни ориентации и трансформациите на претпријатието се исклучително нагласени. Содржината на книгата е усогласена со предметната програмата и со нејзиното изучување студентите треба да се запознаат со условите и факторите на меѓународната конкуренција и видовите на стратегии за интернационализација на компаниите.

*Личен стручен придонес на авторот*

Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 33 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економика на претпријатија и применета економија. Кандидатот ги познава и детално го образложува делувањето на мултинационалните компании и стратегиите на нивно соодветно менаџирање и експанзија на деловните активности. Кандидатот е автор на третиот дел од книгата, детално прикажувајќи ги специфичностите кои ги карактеризираат мултинационалните компании во однос на нивното управување при носење на одлуки за избор на локации на производството, стандардизација на маркетинг активностите, наградување и мотивацијата на експатријатите, и потребата од усогласување на финансиското известување кај матичната компанија и одделните организациски единици низ светот.

2. **Ристовска, Наташа,** и Аземина Машовиќ. 2022. *Економика на претпријатија – Современи менаџмент и бизнис аспекти.* Скопје: Универзитет за туризам и менаџмент.

- *Достапност на трудот:* https://utms.edu.mk/izdanija/1996-ekonomika-napretprijatija.
- *Учебникот е каталошки евидентиран:* ISBN 978-608-4593-40-9
- *Учебникот го опфаќа научното подрачје на* општествени науки, поле економија, област економика на претпријатија и поле организациски науки и управување
- *Јазик на кој е напишан учебникот:* Македонски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:* 50% (12 а.а.)

*Опис на трудот*

Учебникот е објавен на македонски јазик, на вкупно 180 страни, поделен на 10 глави: Глава 1 Економика на претпријатијата како научна област; Глава 2 Претпријатијата како деловни субјекти; Глава 3 Елементи на пазарот и пазарни структури; Глава 4

Деловно окружување на претпријатијата; Глава 5 Управување на средствата и трудот; Глава 6 Трошоци и цени; Глава 7 Дизајнирање стратегија; Глава 8 Ефективност на претпријатијата и резултати на деловното функционирање; Глава 9 Економски принципи на деловното работење; и Глава 10 Корпоративна општествена одговорност и деловна етика.

Цел на учебникот е студентите да се запознаат со менаџерските и бизнис аспекти на економиката на претпријатија прилагодени на потребите на деловното работење на претпријатијата во модерно и динамично окружување, а во насока на постигнување на посакуваните економски резултати.

Во учебникот десет логично поврзани целини ги анализираат сите значајни аспекти во деловното функционирање на претпријатијата Во Првата глава се започнува со детерминирање на економиката на претпријатијата како научна област и нејзините карактеристики, опфаќајќи ги предметот, целите и опсегот на истражување, значењето на економиката на претпријатија, како и нејзината врска со традиционалната економија и другите научни дисциплини. Втората глава е посветена на претпријатијата како организациски системи, основањето, карактеристиките, класификацијата на претпријатијата според различни критериуми, анализа на посебните видови претпријатија, како и процесот на управување на претпријатијата. Во Третата глава се објаснуваат пазарот и елементите на пазарот, анализирани се понудата и побарувачката, концептите на пазарна рамнотежа и еластичност, како и видовите пазарни структури. Во Четвртата глава обработено е деловното окружување на претпријатијата преку анализа на различните нивоа на окружување, почнувајќи од интерното, преку екстерното окружување, па сè до конкурентското и меѓународното окружување, со осврт и на потребата од менаџирање на окружувањето. Во Петтата глава се презентирани факторите на производство на претпријатијата, претставени се основните и обртните средства, но потенцирана е и улогата на трудот, односно работната сила како клучен фактор на конкурентската предност во современото деловно окружување со фокус на системите за плаќање и наградување на трудот. Шестата глава е посветена на трошоците, видовите трошоци, нивната класификација и пресметка, концептите на економија од обем и економија од опсег, а посебно внимание е посветено и на цените, методите на формирање на цените, значењето на маржата и правилото за максимизирање на профитот, разликата меѓу цената на чинење, пазарната и продажната цена, и спецификите на политиката на ценовна дискриминација. Во Седмата глава се појаснува процесот на дизајнирање на стратегијата на претпријатијата, нивоата на стратегија, стратегиите за раст и развој на претпријатијата, стратегиските методи за настап на странски пазар и теоријата на игри во бизнисот. Осмата глава се однесува на ефективноста на претпријатијата, односно утврдување на степенот на остварувањето на целите, а направена е и анализа на различните форми на резултати од деловните процеси, односно физичкиот обем на производство, приходот и добивката. Во Деветтата глава детално се разработени економските принципи на деловното работење, односно продуктивноста на трудот, економичноста на претпријатието и рентабилноста (профитабилноста), преку детерминирање, анализа и утврдување на факторите за нивно остварување. Во Десеттата глава се претставени концептот на корпоративна општествена одговорност на претпријатијата, видовите и бариерите за имплементирање, како и влијанието на концептот на деловната етика врз успешноста на функционирањето на претпријатијата.

*Стручен придонес на трудот*
Учебникот претставува академски прецизна разработка на сите аспекти од работењето на деловните организации. Добиен е научен труд со висок квалитет и основа за стекнување пошироки знаења од областа на економиката на претпријатијата. Со начинот на обработка на менаџмент и бизнис аспектите на економиката на претпријатијата, учебникот има за цел да им помогне на студентите да се запознаат и да ги разберат клучните економски концепти за успешно управување на претпријатијата во современи услови на функционирање. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите за рецензиран високошколски учебник. Наменет е за изучување на предметот Менаџерска економија за студентите од сите факултети на прв циклус додипломски студии на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Учебникот е подготвен според предметната програма со цел да даде основни сознанија на студентите на прв циклус додипломски студии кои се едуцираат во областа на деловното работење на претпријатијата. Концизното и јасно презентирање на содржините дава можност за користење на учебникот не само од страна на студентите туку и од бизнис секторот и пошироката јавност.

*Личен стручен придонес на авторот*
Личниот стручен придонес на кандидатот како коавтор изнесува 50 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на проблематиката на економика на претпријатија и применета економија. Кандидатот применува иновативно апликативен пристап за презентирање на сознанијата од областа која се обработува. Кандидатот е автор на 6 глави од учебникот, детално прикажувајќи ги значајните аспекти од деловното работење на претпријатијата и тоа: Глава 1 Економика на претпријатијата како научна област; Глава 2 Претпријатијата како деловни субјекти; Глава 3 Елементи на пазарот и пазарни структури; Глава 5 Управување на средствата и трудот; Глава 6 Трошоци и цени; и Глава 9 Економски принципи на деловното работење.

## 3.2. Оценка од самоевалуација

За периодот од 2017-2019 на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје била спроведена самоевалуација на наставниот кадар. Во анкетните прашалници пополнети од страна на студентите на Универзитетот за туризам и менаџмент евалуацијата на наставниот кадар се врши со оценки од 1–5.

Според анализата на резултатите, проф. д-р Наташа Ристовска била позитивно оценета од самоевалуацијата со вкупна просечна оценка од 4,67. По предметот Менаџмент од студентите на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси е оценета со 4,55; од студентите на Економскиот факултет со 4,61; од студентите на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент е оценета со 4,53; од студентите на Факултетот за туризам со 4,77; а од студентите на Факултетот за претприемачки бизнис со 4,88.

## 3.3. Оценка на севкупната наставна дејност

Во рамки на наставната активност, проф. д-р Наташа Ристовска, самостојно ја подготвува и изведува наставата на додипломските и последипломските студии. На асистентите и соработниците им помага во наставно-научниот развој.

Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што дел од наставните активности со студентите ги изведува преку наставни практикуми и преку редовни посети на институции и компании, но и вклучување на гости предавачи од практиката во рамките на предавањата. Својот стручен придонес го покажува и со тоа што во коавторство објавила 1 рецензиран учебник од научната област за која се избира, наменет за студенти во прва година на додипломски студии на факултетите во рамки на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредила наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Кандидатот има решение за акредитација на ментор на студенти на втор циклус студии издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ бр. 20-266/16 од 18.01.2017 година. Била ментор на над 100 дипломски работи, 25 магистерски трудови и била член на комисија за оценка и одбрана на над 150 дипломски работи и над 150 магистерски трудови.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредила својот наставен процес на Факултетот за претприемачки бизнис особено по предметите Менаџмент, Претприемаштво и мал бизнис, Стратегиски менаџмент, Иновациски менаџмент и Меѓународен менаџмент. Исто така, кандидатот во средината ужива углед на амбициозен и посветен наставник, кој ги прати светските трендови во областа на економијата и менаџментот и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

# 4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

## 4.1. Рецензии

Кандидатот, проф. д-р Наташа Ристовска, е определена за член во повеќе рецензентски комисии за изготвување на извештаи за избор на соработници и наставници за група предмети од соодветната област во рамките на своето работно место како вонреден професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје и претходно како доцент.

## 4.2. Оценка на севкупната стручна дејност

Наведентите факти создаваат заокружена слика за кандидатот, проф. д-р Наташа Ристовска, како активна и стручно определена личност, која со своите пишани стручни трудови и низата на стручни предавања, своите широки познавања несебично ги пренесува и на пошироката јавност, како што се модерните трендови во општите постапки на примена на новите современи менаџерски техники и концепти заради унапредување на менаџерските вештини и иновирање на делувањето на современите организации.

Во своите стручни трудови, кандидатот успешно ги применува своите теоретски и практични знаења за решавање на проблематики во подрачјето на економијата и менаџментот. Вкупниот стручен придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на нејзиниот интерес (менаџмент, меѓународен менаџментт, стратегиски менаџмент, претприемачки бизнис, странски инвестиции), како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идниот економски развој на државата и успешното менаџирање со организациите и институциите.

# 5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на проф. д-р Наташа Ристовска, увид во објавените трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, ние како Комисија заклучивме дека врз основа на член 166 став 3 од Законот за Високото образование на Република Македонија во врска со Општите услови за избор во наставно-научно звање редовен професор:

1. Кандидатот **проф. д-р Наташа Ристовска** има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.
2. Кандидатот **проф. д-р Наташа Ристовска** има претходен избор во звање вонреден професор.
3. Кандидатот **проф. д-р Наташа Ристовска** има објавени девет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот во последните пет години пред објавување на огласот.
4. Кандидатот **проф. д-р Наташа Ристовска** има објавено еден рецензиран учебник од научната област за која се избира.
5. Кандидатот **проф. д-р Наташа Ристовска** има учество во четири научно-истражувачки проекти.
6. Кандидатот **проф. д-р Наташа Ристовска** покажува способност за изведување на разни видови високообразовна дејност.
7. Кандидатот **проф. д-р Наташа Ристовска** има позитивна оценка од самоевалуација.
8. Кандидатот **проф. д-р Наташа Ристовска** има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.
9. Кандидатот **проф. д-р Наташа Ристовска** била ментор на над 100 дипломски работи, 25 магистерски трудови и била член на комисија за оценка и одбрана на над 150 дипломски работи и над 150 магистерски трудови.

10. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот **проф. д-р Наташа Ристовска** и нејзиното работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.

11. Исто така, врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за нејзините постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да зклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.

12. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на економските дисциплини на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за претприемачки бизнис** на **Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, проф. д-р Наташа Ристовска** да ја избере во наставно-научно звање **редовен професор** *во научно-истражувачкото подрачје Општествени науки, научно-истражувачко поле Економски науки (50302 Применета економија, 50323 Економика на претпријатија и 50329 Друго).*

**Рецензентска комисија:**

**Д-р Слободан Ивановиќ, редовен професор во трајно звање, претседател, с.р**

**Д-р Кирил Постолов, редовен професор, член,с.р.**

**Д-р Сашо Кожухаров, редовен професор, член, с.р.**

**Табела 1. Рекапитулација на бројот на научните и стручните трудови на кандидатот**

| Вид на трудот | Пред избор во доцент | После избор во доцент | После избор во вонреден професор | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| НАУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија | | 7 | 9 | 16 |
| 2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции | 4 | 7 | 3 | 14 |
| 3. Научни трудови објавени во зборници од домашни научни конференции | 5 | | | 5 |
| 4. Книги | 1 | | 1 | 2 |
| ВКУПНО НАУЧНИ ТРУДОВИ | | | | 37 |
| СТРУЧНИ ТРУДОВИ<br>1. Стручни трудови објавени во списанија, ревии | | | | |
| 2. Проекти и рецензии | | 3 | 6 | 9 |
| 3. Прирачници | | | | |
| ВКУПНО СТРУЧНИ ТРУДОВИ | | | | 9 |
| 4. Други трудови | | | | |
| ВКУПНО НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ | | | | 46 |

**Табела 2. Рекапитулација на бодовите од научните и стручните трудови на кандидатот согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања на УТМС**

| Вид на труд | Број на трудови | Бодови | Вкупно бодови |
|---|---|---|---|
| 1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија (а1) | 9 | 5 | 45 |
| 2. Научни трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции (а2) | 3 | 2 | 6 |
| 3. Книги | 1 | 2 | 2 |
| ВКУПНО | | | 53 |

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА**

**ЗА ИЗБОР НА**

**д-р АНГЕЛА МИЛЕНКОВСКА КЛИМОСКА**

**ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ОД ОБЛАСТА НА 50323 МАРКЕТИНГ И 50329 ДРУГО (ПРЕТПРИЕМНИШТВО) ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ**

СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАЈОТ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА:

1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

2. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТОТ

3. ОДБРАНЕТИ НАУЧНИ ТРУДОВИ

3.1 Магистерски труд

3.2. Докторска дисертација

4. ПРЕГЛЕД НА НАУЧНАТА АКТИВНОСТ НА КАНДИДАТОТ

4.1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија, како и слични списанија и публикации

4.1.1. После избор во звање асистент

4.2. Приказ и оценка на научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјатра и странство.

4.2.1. После избор во звање асистент

5. ПРИКАЗ И ОЦЕНКА НА НАУЧНИОТ ПРИДОНЕС ВО ОБЈАВЕНИТЕ НАУЧНИ ТРУДОВИ

5.1 Приказ и оценка на научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија

5.1.1 После избор во звање асистент

5.2 Приказ и оценка на магистерскиот и докторскиот труд

5.2.1. Магистерски труд

5.2.2. Докторски труд

6. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

6.1. Оценка на севкупната наставна дејност

7. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

## 1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Во врска со објавениот конкурс  во дневниот весник „Нова Македонија“ на 21-22. мај, 2022 година,  во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријави само д-р Ангела Миленковска Климоска, за звање доцент во областите 50323 Маркетинг и 50329 Друго (Претприемништво), вработена како асистент при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Во пријавата за конкурсот, кандидатот ги достави сите потребни документи според условите на конкурсот и соодветните прописи.

На седницата на Наставно научниот совет на Економскиот факултет одржана на 15.06.2022 година, определена е рецензентска комисија во состав :

- Проф. д-р Слободан Ивановиќ,   редовен професор во трајно звање на Факултет за менаџмент во туризмот и угостителството во Опатија, Универзитет во Ријека;
- Проф. д-р Далиборка Блажеска, редовен професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
- Проф. д-р Зоран Стрезовски , вонреден професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје;

Оваа Комисија доби задача да напише рецензија во врска со изборот за наставник за група предмети од областа на туризмот.

Во својство на членови на Комисијата го прифативме именувањето. Откако ја прегледавме пријавата и приложената документација и после анализа на научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, а врз основа на член 92 став 1 алинеја 2 и 14 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент согласно  член 166 став 1, од Законот за високото образование (Сл. Весник на Р.М. број 82/2018), го поднесуваме следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

## 2. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТОТ

Ангела Миленковска Климоска е родена 13.06.1987 година во Скопје.   Основно и средно образование завршува во Скопје, а потоа во 2006 година се запишува на

додипломски студии на Факултетот за туризам на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје. По дипломирањето се запишува на втор циклус студии на истиот факултет и во 2013 година со одбрана насвојот магистерски труд се стекнува со звање магистер, во 2015 година се запишува на докторски студии на Факултет за менаџмент во туризмот и угостителството во Опатија, и во 2022 година со одрбрана насвојот докторски труд ссе стекнува со звање доктор на науки.

Вработена е на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, на работно место асистент.

## 3. ОДБРАНЕТИ НАУЧНИ ТРУДОВИ

### 3.1. Магистерски труд

**ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОМОЦИЈАТА ВРЗ ЕТАБЛИРАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА**

Трудот претставува акционо истражување спроведено во функција на докажување на поврзаноста на ефективната комуникација со подобрување на квалитетот на маркетирање на производит, а индиректно преку тоа и со квалитетот на работата. Третирани се герила маркетинг тимовите на RedBull кои се единствени и до сега недостижни за другите фирми во поглед на практицирањето на герила техниките при маркетирање на производ.

Ефективната комуникација која се остварува со потрошувачите влијае до толку што истовремено ги инфекцира со производот и ги претвара во сопствени маркетинг агенти. Вака силно концепциски поставена стратегијата на една организација не барара голем трошок за маркетинг на произвотот (бидејќи тоа го прават самите клиенти), а истовремено дава резултати на долг рок. Трудот истовремено има за цел да ја докаже големата ефикасност на оваа маркетинг стратегија.

Во функција на ефективна комуникација со клиенмтите сека се јавува и потребата на емоционално интелигентни „герилци“ кои ќе знаат на најсоодветен начин да им пријдат на клиентите и на свој оригинален и неповторлив налин да ги инфекцираат со производот.

Во овој магистерски труд, се обработува темата “Влијанието на промоцијата врз етаблирањето на Република Македонија како туристичка дестинација”. Постојат

повеќе причини да се одбере оваа тема. Помеѓу останатите е таа што што живеам во оваа држава и работам во туризмот, затоа е важен развојот, успешната промоција и пласманот на туристичките производи во овој регион. Имено, потребно е да се испитаат потребите на пазарот, побарувачката а потоа да се создаде производ кој во целост ќе ги задоволи потребите и очекувањата на потенцијалните потрошувачи. Во таа смисла треба добро да се запознае пазарот и да се издвои тој сегмент на пазарот за кои тој производ би бил наменет. Темата е многу актуелна, затоа што ја прикажува сегашната состојба на туризмот во РМ, потенцијалните можности за развојот на туризмот во овој регион со значењето на промоцијата како предуслов за добриот пласман на туристичките производи во овој регион,на светскиот туристичкиот пазар. Значи потребен е маркетинг процес,каде потрошувачите ќе дојдат до производите кои ги бараат и ги посакуваат.

Просторот што го опфака нашата држава е спој на многу природни убавини, бањи, планини, езера, реки, цркви, манастири и многу културно уметнички знаменитости, кои што ја красат нашата држава. Туризмот е една од главните гранки од економијата и затоа е потребно да се формира целосен туристички производ, да се создаде претпознатлив бренд и како таков активно да се промовира.

### 3.2. Докторска дисертација

**UTJECAJ MALOG PODUZETNIŠTVA U HOTELIJERSTVU NA SEZONALNOST HRVATSKOG TURIZMA**

**Влијание на малото претприменишто во хотелиерството на сезонскиот хрватски туризам**

Во докторската дисертација, со наслов „Влијанието на малото претприемништво во хотелиерството врз сезоналноста на хрватскиот туризам“, малото претприемништво во хотелиерството е истражено од теоретски и практичен аспект. Истражувањето се обидува да ги утврди врските помеѓу малото претприемништво во хотелиерството и сезонскиот карактер во туризмот, при што на малото претприемништво се гледа од аспект на решавање на проблемот со сезонството во хрватскиот туризам. Таа се заснова на карактеристиките на малото претприемништво во хотелската индустрија, особено неговата флексибилност и способност да реагира навремено и брзо на промените во околината, со претпоставка дека малите претприемачи во хотелската

индустрија можат ефикасно да го искористат потенцијалот во дестинацијата и да работат во текот на целата година. Резултатите од истражувањето ги продлабочуваат постоечките и водат до нови сознанија за потребата од интензивирање на развојот на малото претприемништво во хотелиерството во Република Хрватска. Податоците за работењето на малите хотели и малите бизниси во хотелиерството во Европа и Хрватска овозможуваат да се нагласи нивната важност за подобрување на туристичката понуда на ниво на дестинација, зголемување на задоволството на туристите, зголемување на туристичката потрошувачка, конкурентност на хрватскиот туристички производ, посилно вклучување на континенталниот дел на Хрватска во туристичките текови и во крајна линија, продолжување на туристичката сезона. Врз основа на стручни и научни сознанија, трудот докажува постоење на позитивна врска меѓу претприемничката иницијатива и намалувањето на сезонскката зависност во хрватскиот туризам, а во малите хотелски компании се предлагаат мерки и модели на управување со цел да се намали сезонската зависност. Поставените цели на работата се поврзани со: определување на сезоналноста преку спецификите на хотелиерството и поврзување на хотелиерството со одреден временски интервал, во зависност од природните и институционалните причини за сезоналноста; истражување за сезонската состојба на претприемачите во европската хотелска индустрија; анализирајќи ја врската помеѓу карактеристиките на хрватските хотели и сезонската работа во хрватската хотелска индустрија. Постигнувањето на зацртаните цели овозможува да се обезбедат насоки за примена на соодветни мерки и имплементација на соодветни модели за управување со мали бизниси со цел дизајнирање и имплементација на нови и/или иновативни стратегии за намалување на сезонската зависност, со цел успешно задоволување на постоечките и привлекување нови пазарни сегменти.

## 4. ПРЕГЛЕД НА НАУЧНАТА АКТИВНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Во овој дел од извештајот, се дава преглед на научните трудови кои кандидатот ги објавил пред и после последниот избор, според категоријата на трудовите.

### 4.1. Научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија, како и слични списанија и публикации

#### 4.1.1. После избор во звање асистент

- Daliborka Blazheska, Natasha Ristovska and **Angela Milenkovska Klimoska**. 2021. The impact of integrated marketing communication on customer behavior. UTMS Journal of Economics 12(1): 40–50.
- Danijel Vucenovic, **Angela Milenkovska Klimoska**, and Dino Manestar. 2020. Do Tourist Percept Croatia as a Safe Tourist Destination? Presentation of the Empirical Evidence. UTMS Journal of Economics 11(1): 80–92.
- Daliborka Blazeska, Zoran Strezovski, and **Angela Milenkovska Klimoska**. 2018. The Influence of Tourist Infrastructure on the Tourist Satisfaction in Ohrid. UTMS Journal of Economics 9 (1): 85–93
- Ljupka Naumovska, **Angela Milenkovska Klimoska**. 2017. Marketing to Children: The Impact of Digital Media. International Journal of Academic Research in Business and Social Sciences7(5): 276–283.
- **Milenkovska, A**., Čosić, I. Vučenović D. 2017. Komparativna analiza sigurnosti hrvatskog turizma u odnosu na konkurentna inozemna turistička odredišta. Hotellink 29-30: 328–335.
- Goran Corluka, Kresimir Mikinac, and **Angela Milenkovska**. 2016. Classification of tourist season in costal tourism. UTMS Journal of Economics 7 (1): 71–83
- Violeta Milenkovska, Zoran Strezovski, and **Angela Milenkovska**. 2015. Macedonian Tourist Product: Current Status and Perspectives. UTMS Journal of Economics 6 (2): 331–340.
- Violeta Milenkovska, Zoran Strezovski, and **Angela Milenkovska**. 2015. Promotion: Branding Tool for Macedonia as a Tourist Destination. UTMS Journal of Economics 6 (2): 355–363.

**4.2. Приказ и оценка на научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство.**

**4.2.1. После избор во звање асистент**

- Drpić, D., **Milenkovska Klimoska, A**., Manestar, D. Contribution of Gastronomic Tourism for achieving Competitiveness of Croatian Coastal Destinations. In Proceedings of 25th International Congress Tourism and Hospitality Industry 2020 Trends and Challenges, May 4–6, 2020, PAPER IN PROCESS OF A DOUBLE-BLIND REVIEW. Opatija: Faculty of Tourism and Hospitality Management Opatija.
- Ivanović, S., **Milenkovska Klimoska, A**., Milojica, V. Measuring satisfaction and experienced sentiments of website users when exploring Croatian gastronomic tourist offer. In Proceedings of 5th International Scientific Conference ToSEE - Tourism in Southern and Eastern Europe 2019 Creating Innovative Tourism Experiences: The Way to Extend the Tourist Season, May 16–18, 2019, 335–348. Opatija: University of Rijeka, Faculty of Tourism and Hospitality Management Opatija.
- Drpić, D., **Milenkovska Klimoska, A**., Milojica, V. Heritage as a Factor of Achieving Competitive Cultural Tourism Offer of the Republic of Croatia. In Proceedings of International Conference on Economic and Social Studies (ICESoS): Regional Economic Development: Contemporary Trends in Tourism and Hospitality in the Balkan Region, May 10–11, 2018, 253–264. Sarajevo: International Burch University.
- Vučenović, D., **Milenkovska, A**. Razina zadovoljstva turista sa osobnom sigurnošću kao elementom ponude u turizmu. U zborniku radova XI Međunarodna konferencija "Hotelska kuća 2017" Inovacije u hotelijerstvu, Novembar 16–18, 2017. Zlatibor: Poslovno udruženje hotelsko ugostiteljske privrede „HORES", Ekononomski fakultet univerziteta u Beogradu, Fakultet za hotelijerski i turistički menadžment Univerziteta Singidunum, Visoka turistička škola i Visoka hotelijerska škola Beograd.
- Blazeska, D., **Milenkovska, A**., Stojmirova, M. Hotel image as an important prerequisite for creating a competitive advantage. In Proceedings of SITCON 2016 - Singidunum International Tourism Conference. September 30, 2016, 230–234, Belgrade: Serbia.
- **Milenkovska, A**. The role and significance of the modern manager for the development of the tourism organizations. In proceedings of 6$^{th}$ International Biennial

Congress HOTEL PLAN 2016 Hospitality Tourism-Interdisciplinary Approach, November, 04, 2016, 132-139 . Belgrade: College for Hotel Management

## 5. ПРИКАЗ И ОЦЕНКА НА НАУЧНИОТ ПРИДОНЕС ВО ОБЈАВЕНИТЕ НАУЧНИ ТРУДОВИ

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните трудови:

### 5.1 Приказ и оценка на научни трудови објавени во списанија со меѓународно призната рецензија

#### 5.1.1 После избор во звање асистент

- Daliborka Blazheska, Natasha Ristovska and **Angela Milenkovska Klimoska**. 2021. The impact of integrated marketing communication on customer behavior. UTMS Journal of Economics 12(1): 40–50.

Во трудот авторите ја анализираат примената на интегрираните маркетинг комуникации кои стана императив во денешно време. Компаниите се обидуваат да се наметнат на пазарот и да ги придобијат клиентите и воедно да ги задржат. Интегриран маркетинг комуникациите се клучен елемент во современите напори на компанијата за градење на долгорочни односи со клиентите. Компанијата проценува кои алатки и форми на промотивниот микс ќе ги користи пред да испорача соодветни пораки до своите клиенти. Всушност, интегрираните маркетинг комуникации се одговорот на тоа како компаниите можат да бидат конкурентни во своето работење преку воспоставување добри комуникациски односи со клиентите во долг рок. Во овој труд посебен акцент е ставен на истражувањето за тоа како македонските компании се свесни за влијанието на интегрираните маркетинг комуникации врз однесувањето на клиентите. Од истражувањето можеме да  видиме дека е потребно да се пристапи кон употреба на поголем број комуникациски алатки, користејќи софистицирана механизам за координација. IMC се стреми да ги покрие сите комуникациски алатки на компанијата за целта да се добие конзистентна порака која ќе влијае на однесувањето на клиентите.

**Научниот придонес** на трудот се состои во заклучните согледувања каде се укажува на неопходноста врз основа на истражувањето и се препорачува целосно искористување на можностите за примена на МОС за воспоставување долгорочни односи со потрошувачите. Секој компанијата, во зависност од буџетот, треба да подготви комбинација од различни форми на МОС за да може успешно да ја таргетира својата целна група.

**Личен придонес на авторот (30%):** Обезбедување и анализа на статистичките показатели и спроведување на дел од истражувањето.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти. Трудот е објавен во списание кое е застапено во база на податоци EBSCO**

- Danijel Vucenovic, **Angela Milenkovska Klimoska**, and Dino Manestar. 2020. Do Tourist Percept Croatia as a Safe Tourist Destination? Presentation of the Empirical Evidence. UTMS Journal of Economics 11(1): 80–92.

Трудот ја обработува и анализира една од најразвиените индустрии во светот, туризмот ја доживеа и се уште ја доживува безбедноста прашања на дневна основа, што остави значителен ефект врз светската економија. Ова особено резултираше со безбедност станува еден од главните делови на интегрален туристички производ, имајќи предвид дека значително влијае на процесот на донесување одлуки од страна на туристот на потенцијалниот турист при изборот на дестинација за одмор, како и неговиот намера за повторно разгледување. Имајќи го предвид претходно споменатото, важноста и улогата на безбедноста како дел од Во рамките на овој труд се истражува конкурентниот туристички производ, односно перцепцијата на туристите за безбедноста на туристичка дестинација во процес на одлучување при изборот на Хрватска како дестинација за одмор. Целта на овој труд е да даде теоретски увид во најновите сознанија од областа на безбедноста во туризмот, да презентирајте ги емпириските резултати од истражувањето спроведено во Хрватска, и врз основа на овие резултати да предложите понатаму активности за подобрување со цел да се подобри нивото на безбедност за туристите и да се постигне понатамошна конкурентност позиционирање на Хрватска како безбедна туристичка дестинација на светскиот туристички пазар.

**Научниот придонес** на трудот се состои во согледувањето дека севкупната ситуацијата би можела да се подобри преку преземање адекватни развојни и маркетинг активности. Следејќи ги авторите ќе предложат можни мерки на подобрување на безбедноста во хрватскиот туризам.

**Личен придонес на авторот (30%):** Обезбедување и анализа на статистичките показатели за степенот на туристичка развиеност на регионот.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти. Трудот ги задоволува критериумите од правилникот за условите за избор во наставно научно звање. Трудот е објавен во списание кое е застапено во база на податоци EBSCO**

- Daliborka Blazeska, Zoran Strezovski, and **Angela Milenkovska Klimoska**. 2018. The Influence of Tourist Infrastructure on the Tourist Satisfaction in Ohrid. UTMS Journal of Economics 9 (1): 85–93

Целта на трудот е да се нагласи важноста од трајно подобрување на туристичката инфраструктура во унапредување на задоволството од туризмот на дестинацијата. Тоа е емпириско истражување на влијанието на туристичката инфраструктура врз дестинација на туристичко задоволство во Охрид во Македонија. Туристичката инфраструктура е низа уреди и институции кои претставуваат материјална и организациска основа за развој на туризмот. Се состои од четири основни елементи: сместувачки капацитети, гастрономски објекти, придружни објекти и комуникација објекти. Потребни се политики за подобрување на инфраструктурата, промовирање на интеграцијата на туристичките услуги, одржување број на посетители и охрабрување на гостите да останат подолго, да посетуваат дополнителни локации и да ги зголемат нивните трошоци. Градот Охрид е позната туристичка дестинација во Република Македонија. И покрај историските и културните богатства лоциран во Охрид, најпознат е по Охридското Езеро. Градот има силни атрактивни фактори – природни и културни споменици кои привлекуваат туристи. Предмет на овој труд е туристичката инфраструктура во градот Охрид сегашниот статус и перспективите со цел да се привлечат повеќе странски и домашни туристи. Охрид град во соработка со Владата на Р. Македонија треба трајно да ја подобри туристичката инфраструктура во дестинацијата. Ова во трудот е претставено акциско истражување спроведено на примерок од 200 странски посетители во периодот на градот Охрид од 01 година јули

до 01 август. 2017. Туристичката инфраструктура има огромно влијание на задоволството на туристите од дестинацијата. Локално општина Охрид град со здружени напори со Владата на Република Македонија треба трајно развиваат туристичка инфраструктура.

**Научниот придонес** на трудот се состои во укажувањето дека Локалната општина Охрид во соработка со приватниот сектор и владата институцијата треба заеднички и интензивно да работи на подобрување на туристичката инфраструктура во Охрид како туристичка дестинација. Туристичката инфраструктура ќе даде нов импулс на туристичко задоволство во дестинацијата.

**Личен придонес на авторот (30%):** Обезбедување и анализа на податоците за и нивно поврзување со можностите за развој на туризмот во Охрид.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти. Трудот ги задоволува критериумите од правилникот за условите за избор во наставно научно звање. Трудот е објавен во списание кое е застапено во база на податоци EBSCO**

- Goran Corluka, Kresimir Mikinac, and **Angela Milenkovska**. 2016. Classification of tourist season in costal tourism. UTMS Journal of Economics 7 (1): 71–83

Сезонството на туризмот е главната карактеристика на туристичката индустрија, добро позната, но помалку разбрана феномен. Сезонските флуктуации на туристичката побарувачка имплицираат бројни негативни импликации кои влијаат туристичка дестинација, туристички оператори и туристичка побарувачка. Речиси секоја туристичка дестинација се соочува со сезонска, но најизразена сезонска концентрација на туристички активности имаат крајбрежните дестинации кои привлекуваат туристичката побарувачка е мотивирана примарно од концептот 3S – сонце, песок и море. Сезонско во деловното работење е најпредизвикувачките во туристичките компании со голем удел на фиксен капацитет, како хотелот сместувачки сектор. Поранешни истражувања за причините за сезонската, импликациите на сезонската и потенцијалните стратегии за борба сезонството имаше методолошки пропуст. Туристичкиот производ како производ со сезонска карактеристика бара анализа на перформансите по сезона. Целта на овој труд е да се класифицира туристичката сезона во крајбрежен туристи дестинации во однос на стапките на сместување на хотели. Ова е прв обид за емпириска класификација на туристичката сезона. Примерок од анкети се

218 хотели лоцирани во Далмација, Хрватска. Анализата на кластерот за датумот на стапката на пополнетост на хотелите беше спроведено, при што статистичкото значење помеѓу годишните времиња беа тестови со Фридман тест и статистичкото значајноста помеѓу дестинациите беа тестирани со F-тест и ANOVA. Понатаму, беше спроведена факторска анализа за тестирање на постигнатите резултати. Во однос на резултатите од истражувањето, туристичката сезона може да се подели на три сезони: ниска, средно и високо. Ниската сезона како најдолга се состои од пет месеци: јануари, февруари, март, ноември и декември, средната сезона како најкратка која се состои од три месеци: април, мај и октомври и висока сезона која се состои од четири месеци: јуни, јули, август и септември. Наодите од истражувањето се значајни придонес во теоријата и практиката на туризмот.

**Научен допринос на трудот:** Ова ќе обезбеди подобро разбирање на феноменот на сезонскоста на туризмот како туристички производи и туристичка побарувачка варираат според годишните времиња, но во исто време и степенот на сезонска концентрација и причините, импликациите и потенцијалните стратегии се различни.

**Личен допринос на авторот (30%):** личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност, при што користејки го сопственото искуство ги предлага мерките и критериумите кои треба да се задоволат како оваа форма на туризам би можела да се развие на овие простори.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти. Трудот ги задоволува критериумите од правилникот за условите за избор во наставно научно звање. Трудот е објавен во списание кое е застапено во база на податоци EBSCO**

- Violeta Milenkovska, Zoran Strezovski, and **Angela Milenkovska**. 2015. Promotion: Branding Tool for Macedonia as a Tourist Destination.UTMS Journal of Economics 6 (2): 355–363.

Во време кога конкуренцијата меѓу земјите во светот е се посилна, со цел да привлече што повеќе туристи и да го зајакне нивниот бренд како туристичка дестинација, Република Македонија започна да го гради и зајакнува својот туристички бренд. Поради огромната конкуренција, традиционалните дестинации го одржуваат и подобруваат својот бренд преку нови иновативни туристички атракции. Напротив, новите туристички дестинации силно ги напаѓаат потенцијалните туристи со намера да

добијат подобра позиција на туристичкиот пазар. Предмет на овој труд е Македонија како туристичка дестинација гледана низ призмата на промотивните активности кои Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија ги реализираше во периодот 2009-2012 година. Овој труд претставува акциско истражување спроведено на примерок од 65 туристички акционери (патување агенции и хотели) во Македонија во 2012 година. Во оваа студија ќе се анализира што презеле другите земји во однос на аспектот на промоција на нивниот туристички производ, во однос на промоцијата на нивната туристичка дестинација и што Македонија има преземено и треба да преземе во однос на тој аспект.

**Научен допринос на трудот:** Авторите на оригинален начин му приоѓаат на проблемот за конкуренцијата на туризмот. На зададениот простор е направена комплетна анализа на сите можни фактори, преку која би се одредила вистинската стратегија за развој на таа просторна целина.

**Личен допринос на авторот (30%):** личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата специјалност од областа на туризам. Тој во овој труд го обедини и имплементира своето знаење во територијалниот развој и ревитализација на зададениот простор.

**Рецензетската комисија го прифаќа мислењето на меѓународните рецензенти. Трудот ги задоволува критериумите од правилникот за условите за избор во наставно научно звање. Трудот е објавен во списание кое е застапено во база на податоци EBSCO.**

**5.2 Приказ и оценка на магистерскиот и докторскиот труд**

### 5.2.1. Магистерски труд

## ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОМОЦИЈАТА ВРЗ ЕТАБЛИРАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

Во овој магистерски труд, се обработува темата "Влијанието на промоцијата врз етаблирањето на Република Македонија како туристичка дестинација". Постојат повеќе причини да се одбере оваа тема. Помеѓу останатите е таа што што живеам во оваа држава и работам во туризмот, затоа е важен развојот, успешната промоција и пласманот на туристичките производи во овој регион. Имено, потребно е да се испитаат потребите на пазарот, побарувачката а потоа да се создаде производ кој во целост ќе ги задоволи потребите и очекувањата на потенцијалните потрошувачи. Во таа смисла треба добро да се запознае пазарот и да се издвои тој сегмент на пазарот за кои тој производ би бил наменет. Темата е многу актуелна, затоа што ја прикажува сегашната состојба на туризмот во РМ, потенцијалните можности за развојот на туризмот во овој регион со значењето на промоцијата како предуслов за добриот пласман на туристичките производи во овој регион,на светскиот туристичкиот пазар. Значи потребен е маркетинг процес,каде потрошувачите ќе дојдат до производите кои ги бараат и ги посакуваат.

Просторот што го опфака нашата држава е спој на многу природни убавини, бањи, планини, езера, реки, цркви, манастири и многу културно уметнички знаменитости, кои што ја красат нашата држава. Туризмот е една од главните гранки од економијата и затоа е потребно да се формира целосен туристички производ, да се создаде претпознатлив бренд и како таков активно да се промовира.

### 5.2.2. Докторски труд

**UTJECAJ MALOG PODUZETNIŠTVA U HOTELIJERSTVU NA SEZONALNOST HRVATSKOG TURIZMA**

**Влијание на малото претприменииштво во хотелиерството на сезонскиот хрватски туризам**

Во докторската дисертација, со наслов „Влијанието на малото претприемништво во хотелиерството врз сезоналноста на хрватскиот туризам", малото претприемништво во хотелиерството е истражено од теоретски и практичен аспект. Истражувањето се обидува да ги утврди врските помеѓу малото претприемништво во хотелиерството и сезонскиот карактер во туризмот, при што на малото претприемништво се гледа од аспект на решавање на проблемот со сезонството во хрватскиот туризам. Таа се заснова на карактеристиките на малото претприемништво во хотелската индустрија, особено неговата флексибилност и способност да реагира навремено и брзо на промените во околината, со претпоставка дека малите претприемачи во хотелската индустрија можат ефикасно да го искористат потенцијалот во дестинацијата и да работат во текот на целата година. Резултатите од истражувањето ги продлабочуваат постоечките и водат до нови сознанија за потребата од интензивирање на развојот на малото претприемништво во хотелиерството во Република Хрватска. Податоците за работењето на малите хотели и малите бизниси во хотелиерството во Европа и Хрватска овозможуваат да се нагласи нивната важност за подобрување на туристичката понуда на ниво на дестинација, зголемување на задоволството на туристите, зголемување на туристичката потрошувачка, конкурентност на хрватскиот туристички производ, посилно вклучување на континенталниот дел на Хрватска во туристичките текови и во крајна линија, продолжување на туристичката сезона. Врз основа на стручни и научни сознанија, трудот докажува постоење на позитивна врска меѓу претприемничката иницијатива и намалувањето на сезонскката зависност во хрватскиот туризам, а во малите хотелски компании се предлагаат мерки и модели на управување со цел да се намали сезонската зависност. Поставените цели на работата се поврзани со: определување на сезоналноста преку спецификите на хотелиерството и поврзување на хотелиерството со одреден временски интервал, во зависност од природните и институционалните причини за сезоналноста; истражување за сезонската состојба на претприемачите во европската хотелска индустрија; анализирајќи ја врската помеѓу карактеристиките на хрватските хотели и сезонската работа во

хрватската хотелска индустрија. Постигнувањето на зацртаните цели овозможува да се обезбедат насоки за примена на соодветни мерки и имплементација на соодветни модели за управување со мали бизниси со цел дизајнирање и имплементација на нови и/или иновативни стратегии за намалување на сезонската зависност, со цел успешно задоволување на постоечките и привлекување нови пазарни сегменти.

## 6. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Ангела Миленковска Климоска во периодот од 2013 година до денес работи како асистент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, каде е ангажиран на повеќе наставни предмети од областа на туризмот.

### 6.1. Оценка на севкупната наставна дејност

Во рамките на наставните активности д-р Ангела Миленковска Климоска учествува актвино како асистент во наставата на додипломски и посдипломски студии. Активно учествува во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што постојано со студентите дел од наставните активности ги изведуваат преку практични вежби. Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредил наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите. Се залага за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествува во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојува да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Во 2015/2016 година на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје спроведена е самоевалуација на наставниот кадар.

Според добиените резултати асс. м-р Ангела Миленковска Климоска има позитивна оценка во однос на наставната дејност, која е добиена со анкетирање на студентите кои ги изучуваат овие предмети.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредил својот наставен процес на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

## 7. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на д-р Ангела Миленковска Климоска, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, како и врз основа на лично познавање на кандидатот, ние како Комисија заклучивме дека:

- Врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за неговите постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, семинари, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство, можевме да заклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
- Содржината на трудовите што ги достави кандидатот д-р Ангрла Миленковска Климоска и нејзиното работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник.
- Цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на туризмот на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет** на **Факултетот за туризам** на **Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје,** да ја избере **д-р Ангела Миленковска Климоска** во звање **доцент** за Научно-истражувачко подрачје: општествени науки, научно-истражувачко поле: 503 Економски науки, област: 50323 Маркетинг и 50329 Друго (Претприемништво).

**Рецензентска комисија:**

**Претседател:** Проф. д-р Слободан Ивановиќ,

с.р.

**Член:** Проф. д-р Далиборка Блажеска, с.р.

**Член:** Проф. д-р Зоран Стрезовски, с.р.